OEMVP

ODA EKONOMIKE E MAQEDONISË VERI-PERËNDIMORE
СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРО-ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH-WEST MACEDONIA

# 20 ГОДИНИ

# ОД ПАТУВАЊЕТО И ПРИДОНЕСОТ ВО ЕКОНОМИЈАТА И ОПШТЕСТВОТО

*Јубилејна монографија*

2005 –2025

*Автори:*
Менди Ќура, Нухи Алиу, Џемаил Даути, Назми Ејупи,
Мендерес Кучи, Дурим Зеќири, Касам Зендели

*Уредник:*
Џелал Незири

*Компјутерска обработка:*
Халил Бериша

*Фотогалерија:* Архива на СКСЗМ

*Издавач:*
Стопанската комора на Северо-Западна Македонија,
Ул. Димитрие Чуповски бр.13 - Скопје

ISBN: 978-60865479-8-1

Тираж: 150

*Печат: Polyesterday* - Скопје

Скопје, 2026

# Содржина


ПРЕДГОВОР ....... 7
Обраќање на Претседателот на СКСЗМ, Менди Ќура (2022-2025) ....... 9
Обраќање на Извршниот директор на СКСЗМ, Дурим Зеќири ....... 11

**ПОГЛАВЈЕ I:**
**РАЃАЊЕТО НА ЕДНА ИНИЦИЈАТИВА (2004 - 2005) ....... 12**
ПОТРЕБАТА ОД ЕДНА АЛБАНСКА ЕКОНОМСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ....... 14
Формирање на Иницијативниот совет ....... 14
Средбата со Министерот за економија и институционалната поддршка ....... 17
Основачкото собрание и официјализацијата на СКСЗМ ....... 18
ОСНОВАЊЕТО НА СКСЗМ: РЕАКЦИИ ВО МЕДИУМИТЕ ....... 19

**ПОГЛАВЈЕ II:**
**КОНСОЛИДАЦИЈА И РАСТ (2005 - 2010) ....... 20**
Обраќање на првиот Претседател на СКСЗМ, Џемаил Даути (2005 – 2011) ....... 23
Првото собрание – почеток на институционалното структурирање ....... 25
Стратегија на растот и клучните соработки ....... 28
Преместување на седиштето во Скопје, чекор кон институционален раст ....... 29

**ПОГЛАВЈЕ III:**
**ВЛИЈАНИЕТО НА ЕКОНОМСКИТЕ ПОЛИТИКИ И РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ (2011 - 2015) ....... 32**
Обраќање на Претседателот Мендерес Кучи (2011 – 2015) ....... 35
Консолидирање на раководните структури и статутарни реформи ....... 36
Проширување на регионалната и меѓународната соработка ....... 37
Сцената што ѝ недостасуваше на албанската економија – првото организирање на TOP 100 ....... 39
Заедничка економска платформа со албанските политички субјекти ....... 40
Сенационален економски караван за 100-годишнината од независноста ....... 41
Секторски групации и внатрешна структура ....... 46
Групација на жени претприемачи ....... 46

**ПОГЛАВЈЕ IV:**
**ПРОШИРУВАЊЕ НА ВИЗИЈАТА И РЕГИОНАЛНА КОНСОЛИДАЦИЈА (2015 – 2019).................... 48**
Обраќање на Претседателот Неби Хоџа (2015 – 2022) ..........50
Реорганизација и јасна стратешка визија..........51
Внатрешна организација и ефективно управување ..........51
Зголемување на влијанието и институционалното претставување ..........53
Промоција на економијата и меѓународната соработка..........55
Развој на проекти со широко влијание ..........56
Основање на Alpak-Eco – институционална иницијатива за управување со отпад..........57
Презентирање на Деск-от на услуги за членките ..........58
Клучни активности и воспоставени традиции..........58
Анализа: Индустриска зона Визбегово – висок потенцијал, лоша инфраструктура ..........59

**ПОГЛАВЈЕ V:**
**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НОВАТА СТРАТЕГИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ**
**ВО ВРЕМЕ НА КРИЗА (2020–2023) .......... 60**
Стратегија 2020–2023 ..........62
2020 година – Одржливост во време на криза и враќање кон корените..........62
2021 година - зајакнување на платформите и институционалната етика ..........64
2022 година – институционална реорганизација и влијание во политиката ..........67
2023 година – модернизација, дигитални услуги и нов извршен менаџмент..........70
Економски манифест за забрзан развој..........74

**ПОГЛАВЈЕ VI:**
**СКСЗМ МЕЃУ ЕКОНОМСКИТЕ РЕФОРМИ И 20-ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ (2024–2025) .................. 76**
2024 година – стратешка консолидација, политичко влијание и ориентација кон зелената економија . 78
Презентација на Платформата за економски развој на Северна Македонија 2024–2027..........79
Образованието и работната сила – меѓу најитните приоритети ..........81
Иницијатива за Законот за данокот за солидарност во Уставниот суд..........81
Проект “Green Business Leaders„..........82
Основање на Министерството за енергетика – долгогодишно барање на СКСЗМ..........83
Национална Развојна Стратегија – од предлог на СКСЗМ во државен документ..........83
Закон за забрана на нефер трговски практики..........84
2024 година во бројки ..........84
2025 година: Институционална сила, стратешки победи и почеток на нова деценија..........86
Обраќање на в.д. Претседателот на СКСЗМ, Нухи Алиу (2025 – актуелен)..........91

**ПОГЛАВЈЕ VII:**
**TOP 100™ – ИЗМЕРЕН И ДОКУМЕНТИРАН УСПЕХ ..... 92**
Потекло и цел ..... 94
Лидери на успех низ годините – Победник на TOP 1 ..... 107

**ПОГЛАВЈЕ VIII:**
**ВИЗИЈА ВО ЛИДЕРСТВО – ЛУЃЕТО ЗАД УСПЕХОТ НА СКСЗМ ..... 108**
ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СКСЗМ ..... 110
ИЗВРШНИ ДИРЕКТОРИ НА СКСЗМ ..... 111
Претседатели на Собранието ..... 114
Членови на Управниот одбор ..... 114
Членови на Надзорниот одбор ..... 119
Извршната канцеларија на СКСЗМ ..... 121
Вработените во Извршната канцеларија ..... 122
Тековен состав на Извршната канцеларија ..... 123

**ПОГЛАВЈЕ IX:**
**ИСТОРИЈА И ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЛОГОТО НА СКСЗМ ..... 124**
Оригиналното лого (2005 – 2017) ..... 126
Новото лого и неговата филозофија (од 2017 година) ..... 127

**ПЛАНОВИ – ВИЗИЈА ЗА ИДНИНАТА ..... 128**
**ПРИДОНЕСУВАЧИ ВО ПАТУВАЊЕТО НА СКСЗМ ..... 130**
**ТЕЛЕГРАМИ СО ЧЕСТИТКИ ..... 132**
**ПРИЗНАНИЈА ..... 156**
**ФОТОГАЛЕРИА ..... 168**
**ХРОНИКА НА ЕДНА ИСТОРИЈА ШТО ПРОДОЛЖУВА ..... 198**

ОЕМУР

20 ГОДИНИ

# ПРЕДГОВОР

Основана пред 20 години со јасна визија за зајакнување на приватниот сектор во земјата, Стопанската комора на Северо-Западна Македонија (СКСЗМ) денес претставува доверлива, добро консолидирана институција, докажана како клучен фактор во изградбата на одржлива и конкурентна економска средина, обезбедувајќи силна поддршка и застапување на бизнисите на национално и меѓународно ниво.

Овој јубилеј нè потсетува на напорите, придонесот и посветеноста на една плејада визионерски стопанственици кои, покрај развојот на сопствените компании, се залагаа за развиено општество, квалитетно образование, владеење на правото и правна држава, како и за компании способни да конкурираат на регионалниот, европскиот и глобалниот пазар. Токму овој идеал и визија го родија СКСЗМ, која денес го одбележува својот 20-ти роденден.

Во оваа монографија се обидовме да направиме сеопфатен преглед на патувањето на СКСЗМ, од почетните идеи, основањето и првичните предизвици, па сè до постигнатите успеси преку нејзиното влијание врз економските политики на државата. Со непоколеблива посветеност на поддршката и застапувањето на интересите на бизнисите, СКСЗМ се изгради во значајна институција за економски развој, која успешно придонесува кон интеграцијата на албанските бизниси од Северна Македонија на домашниот и меѓународниот пазар.

Оваа монографија не е само документ на минатото, туку и водич за иднината. Таа претставува завет за решително продолжување по патот на застапувањето, влијанието и изградбата на сеопфатна и одржлива економија. Таа е и аманет што им се остава на идните генерации, за да го продолжат зајакнувањето на економијата, како темел на развиено и праведно општество и држава.

ОЕМУР

20 ГОДИНИ



# Обраќање на Претседателот на СКСЗМ, Менди Ќура (2022-2025)

## *20 ГОДИНИ СО ЦВРСТИ НОЗЕ НА ЗЕМЈА И ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА*

Кога ја прифатив одговорноста да ја водам Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, тоа го сторив со уверување дека не е доволно само да се има силен глас за бизнисот, туку дека е потребно да знаеш и како да слушаш, како да се обединува и како да се посредува. Оваа улога ја сфатив како можност да се служи, а не да се раководи од горе.

Израснав со уверување дека лидерството не е ниту моќ, ниту протагонизам, туку величествена едноставност да се биде во служба на другите. Затоа, во секоја одлука, во секој јавен став, во секоја средба со институциите или со претприемачите, се трудам повеќе да слушам отколку да зборувам. Бидејќи само преку слушање на грижите и очекувањата на оние што создаваат работни места и го поттикнуваат развојот, можеме да изградиме визија за Комората што не е само претставничка, туку и водечка.

Немав за цел да бидам прва фигура на секој настан, туку да бидам присутен таму каде што е потребно: покрај претприемачите кои бараат фискална правда, кај институциите кои често заборават колку е значаен приватниот сектор, или во регионот, таму каде што економската соработка е поважна од политичките реторики.

Овие 20 години на СКСЗМ се доказ дека една организирана група граѓани и бизниси може да стане сериозен глас во јавниот живот. Но ова е само половина од патот. Денес пред нас стои уште поголем предизвик од оние со кои досега се соочувавме. А тоа е визијата за прилагодување на СКСЗМ со динамиката и трендовите на времето што доаѓа.

Верувам дека СКСЗМ треба да биде клучен актер во подготовката на нашата економија за европската интеграција. Нашите бизниси треба дополнително да се професионализираат, да се интернационализираат и да се чувствуваат заштитени. Нашата заедничка институција, која претставува национален капитал и наследство, треба да остане лидер во заштитата на интересите на нашите бизниси, не само во земјата, туку и преку соработка со дијаспората и регионот.

Мојата визија ја темелам на едноставни вредности: понизност во претставувањето, истрајност во барањата и умереност во лидерството. Нам не ни се потребни гласни лидери, туку институции со одржливо влијание.

СКСЗМ не е бизнис-клуб. Таа е кауза за оние што создаваат, вработуваат и ја градат нашата иднина.

ОЕМУР

20 ГОДИНИ



# Обраќање на Извршниот директор на СКСЗМ, Дурим Зеќири

## *ДВАНАЕСЕТ МЕСЕЦИ ЗА СЕКОЈА ГОДИНА, НО ЕДЕН ИДЕАЛ ЗАСЕКОГАШ*

Дваесет години не се само листови во календарот. Тие се траги во калта на времето, врежани од напорот, визијата и жртвувањето на илјадници претприемачи кои соништата ги претворија во претпријатие, а претпријатието во темел на нашиот економски развој.

Стопанската комора на Северо-Западна Македонија не се роди за луксузот на статистиката, туку од итната потреба за економска средина, за глас на пазарот и за достоинство во развојот. Од периферен глас, прераснавме во институција што се слуша во центрите на одлучување во земјата и пошироко. Од првите скромни канцеларии до денешните модерни структури, нашиот пат е најдобар пример за растот на самата бизнис-заедница.

Соочени со предизвици што некогаш изгледаа непроодни, ние изградивме мостови. Кризите ги надминавме со единство, а недостатоците ги претворивме во иновација. Компаниите кои некогаш започнаа со четири вработени, денес извезуваат на четири континенти. И во секој нивен подем, присутна е трагата на нашата Комора, како сопатник, како адвокат, но и како чувар на колективниот интерес.

Кога ми беше доверена функцијата извршен директор во оваа институција, која за многумина претставува национален капитал, чувството на привилегија и чест беше неспорно, но неизбежен беше и товарот на големата одговорност што ми беше положена на рамениците. Во следниот ред, ќе се потчинувам на човечката природа, оставајќи ја скромноста за момент. Овие 20 години имаме многу достигнувања, додека последните 3 години без сомнеж се круна на успехот и на неконкурентната работа внатре во институцијата, но и на државно и пошироко ниво. Секако, искуството и институционалната зрелост доаѓаат до израз во последните години, и како резултат успеавме да бидеме уште поприсутни.

Ова не е упатено кон никого друг освен кон членките, кои се јадрото на Комората, кон раководството, како и кон мојот извонреден тим, кои во ниту еден момент не дозволија да згасне мојот работен елан, останувајќи лојални од самиот почеток на мојот мандат како директор, па сè до денес.

Оваа година не одбележуваме само јубилеј, туку и вистинитоста на еден идеал, дека развојот не се подарува, туку се освојува. Со работа, храброст и со меѓусебна доверба.

Понатаму, Стопанската комора на Северо-Западна Македонија опстана и продолжува да постои токму поради компромисот и меѓусебното разбирање, особини кои во толку голема заедница на успешни поединци, ретко можат да се најдат како применлива практика. Се чувствувам привилегиран што токму во овој 20-годишен јубилеј, СКСЗМ ме бележи мене како свој Извршен директор.

# **ПОГЛАВЈЕ I:**
# РАЃАЊЕТО НА ЕДНА ИНИЦИЈАТИВА (2004 - 2005)

# ВРЕМЕНСКА ЛИНИЈА

**година**
## 2000
Албанските бизниси во Македонија се соочуваа со големи предизвици и недостаток на застапеност во државните институции.

**Гостивар, 4 декември**
## 2004
Се одржа првата средба на која 20 албански стопанственици го формираа Иницијативниот совет за создавање на една репрезентативна економска структура.

**Скопје, 14 декември**
## 2004
Иницијативниот совет се прошири и се дискутираше за организациската структура и целите на идната организација.

**Скопје, 22 јануари**
## 2005
Иницијативниот совет доби официјална поддршка за формирање на Стопанската комора од министерот за економија, Фатмир Бесими.

**Тетово, 13 февруари**
## 2005
Се одржа Основачкото собрание, на кое беше усвоен Статутот на СКСЗМ, беше избрано раководството и Џемаил Даути како прв претседател.

**Скопје, 22 февруари**
## 2005
Се одржа првата седница по основањето, на која се дискутираше за стратегијата за јавно институционализирање и зајакнување на организацијата по локалните избори.

**Скопје, 18 мај**
## 2005
Се изврши официјалната регистрација, при што СКСЗМ беше запишана во регистарот на комори како независна економска институција со седиште во Тетово.

# ПОТРЕБАТА ОД ЕДНА АЛБАНСКА ЕКОНОМСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

По прогласувањето на независноста како држава во 1991 година, Северна Македонија се наоѓаше во фаза на утврдување на својата развојна насока. Оваа година го означи почетокот на долг транзициски процес од еднопартиски кон демократски систем. Во оваа фаза, приватниот бизнис не беше меѓу приоритетите на државните политики. Бизнис-заедницата беше оставена сама да опстојува пред една бирократија навикната да функционира во стар систем, каде институциите не беа во служба на граѓанинот и бизнисот, туку обратно. Во ваква клима, особено на почетокот на 2000-тите години, албанските бизниси во Северна Македонија кои беа во раст се соочуваа со големи предизвици. Овие претпријатија се чувствуваа незастапени пред државните институции, без било каков пристап до креирањето на економските политики. Потребата од институција што ќе ги застапува нивните интереси беше повеќе од неопходна.

Оваа состојба, во зимата на 2004-та година, во Гостивар собра над 20 албански стопанственици за да ја дискутираат итноста од создавање институција која ќе ги адресира предизвиците и ќе им помогне на албанските бизниси да растат и да се развиваат. Овој состанок, одржан на 4 декември 2004 година, го означи раѓањето на Иницијативниот совет за создавање економска структура со регионално и национално влијание.

## Формирање на Иницијативниот совет

На првиот состанок беше одлучено да се формира раководна група која ќе ја изготви стратегијата и првите чекори на идната организација. Тогаш беше основан Иницијативниот совет, составен од претставници на значајни албански бизниси, вклучувајќи претприемачи од Куманово, Скопје, Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Струга и Охрид.

Десет дена подоцна, односно на 14 декември, во Скопје се одржа вториот состанок. Главните дискусии беа фокусирани на утврдување на целите, како и на воспоставување на организациска структура.

| ОСНОВАЧИ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ СОВЕТ БЕА: |
| --- |
| **Назми Ејупи** – *Бентон-ни, Куманово* |
| **Џемаил Даути** – *Даути Комерц, Скопје* |
| **Арбен Абдурахмани** – *Везе Шари, Тетово* |
| **Ибрахим Ислами** – *Металекс, Тетово* |
| **Зариф Бајрами** – *Хабиб Турс, Гостивар* |
| **Хамси Бехлули** – *Консултант* |
| **Неџат Мустафа** – *Ајче, Кичево* |
| **Камбер Бизати** – *Набизи, Струга* |
| **Ердоан Имери** – *Тропикал, Охрид* |
| **Шпенд Дибра –** *Дебар* |



Назми Ејупи,
БЕНТОН-НИ

*Пред 20 години, бев дел од основачката група на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија. Во тоа време, економската реалност беше тешка. Претприемачите дејствуваа сами, без заеднички глас, без професионална поддршка и без јасни механизми за застапување на нивните интереси. Потребата за основање на Стопанска комора произлезе токму од оваа празнина. Беше потребна институција што ќе го поврзе бизнисот со државните институции, што ќе ги заштити интересите на претприемачите, што ќе ја промовира бизнис-етиката и ќе создаде услови за одржлив економски развој. Моментите на основањето не беа лесни, но имавме волја, посветеност и јасна визија: да изградиме платформа каде бизнисот ќе зборува со еден глас, ќе се поддржува меѓусебно и ќе придонесува за севкупниот економски развој.*

*Денес, по 20 години, кога го гледам изминатиот пат, чувствувам гордост за чекорот што го презедовме тогаш. Она што започна како итна потреба, денес е консолидирана институција која дава значаен придонес во економскиот развој, во зајакнувањето на домашниот бизнис и во создавањето нова култура на дијалог и соработка.*

*За мене лично, да се биде дел од основањето на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија останува едно од најзначајните искуства. Тоа е доказ дека кога постојат визија, одговорност и заедништво на вредности, дури и во тешки времиња може да се изградат институции што траат и имаат долгорочно влијание*



Арбен Абдурахмани,
ВЕЗЕ ШАРИ

*СКСЗМ се роди од болката и неправдата, но беше изградена со храброст, доверба и љубов кон развојот. За мене, таа е доказ дека кога бизнисмените се обединуваат со идеал, ја менуваат историјата.*

*Албанските бизниси постоеја, придонесуваа, издржува семејства и ја оживуваа економијата, но не беа организирани. Немаа заедничка адреса каде што нивниот глас ќе се артикулира со тежина и авторитет. А кога недостасува организација, индивидуалниот глас се губи во бучавата.*

*Денес, кога го согледуваме нејзиниот пат, станува јасно дека СКСЗМ не се изгради врз реторика или моментални емоции, туку врз реална потреба и длабоко чувство на колективна одговорност. Можеби токму затоа таа продолжува да стои цврсто и стабилно.*



**Ибрахим Ислами, МЕТАЛЕКС**

*Почетоците на СКСЗМ беа тешки и предизвикувачки. Во тој период, многу компании со албански сопственици немаа соодветна застапеност и третман во постојните економски структури. Ова ја создаде неопходната потреба од независна, професионална и инклузивна организација која ќе биде вистинскиот глас на претприемачите во Северна Македонија.*

*Денес, по толку години, претставува задоволство и посебна гордост да се види дека СКСЗМ расте од година во година, се проширува со нови членки, ја зајакнува својата институционална улога и функционира професионално и ефикасно. Овој успех е јасен доказ дека почетната визија била исправна и дека напорите вложени на почетокот дале долгорочни резултати.*

*На Стопанската комора на Северо-Западна Македонија ѝ посакувам уште многу успеси во иднина и ѝ изразувам искрена благодарност за оваа иницијатива која ја почитува историјата, основачите и сите оние што придонеле за нејзината изградба.*



**Хамси Бехлули**

*Од потребата за правична застапеност и силен глас за компаниите со албански сопственици, заедно со неколку храбри членки донесовме одлука да основаме ново здружение, а подоцна и СКСЗМ, која прерасна во глас на албанските компании и значаен фактор на економската соработка во Северна Македонија, особено во северозападниот дел.*

*Со поддршка на компаниите Везе Шари, Металекс, Хабиб Турс, Еко Шар и други, беше формиран Иницијативниот совет на СКСЗМ со седиште во Тетово. Во рок од неколку недели беа контактирани албанските претприемачи во регионот и беа организирани состаноци во секоја општина, при што беа вклучени над 150 компании.*

*Така започна патувањето на СКСЗМ со сигурни чекори и ѝ посакувам многу понатамошни успеси.*

## Средбата со Министерот за економија и институционалната поддршка

Политиката отсекогаш имала обврска да создава услови за развој на различните општествени сфери - од образованието, економијата и здравството, па сè до културата и спортот. Во овој контекст, Иницијативниот совет оствари клучна средба со тогашниот министер за економија, г. Фатмир Бесими, како најкомпетентно и релевантно министерство за соработка. На оваа средба Назми Ејупи ја предложи и идејата за името што оваа институција го носи и денес. Министерот изрази безрезервна поддршка за оваа иницијатива, оценувајќи ја како неопходен механизам за зајакнување на приватниот сектор и за подобрување на климата на економско застапување. По оваа средба се зацврсти уверувањето дека институционалната поддршка е суштинска за успехот и легитимитетот на иницијативата, што дополнително го зголеми кредибилитетот на Иницијативниот совет.



**Фатмир Бесими,**
**Министер за Економија (2005)**

### "Горд што сум дел од оваа успешна приказна"

"Најнапред ѝ честитам на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија за 20-годишните достигнувања! Се чувствувам горд што бев дел од овој процес уште од иницијалните денови. Во 2005 година, како министер за економија, ја имав привилегијата да ја поддржам иницијативата на успешни и ентузијастички бизнисмени за создавање на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, оценувајќи ја како неопходен механизам за зајакнување на приватниот сектор и за достојно застапување на интересите на албанските бизниси во земјата. Нашите тогашни средби со претставниците на Иницијативниот совет служеа за обезбедување институционална поддршка и практични совети за чекорите што требаше да се преземат за формализирање и консолидирање на оваа економска структура. Оваа иницијатива не беше лесна, бидејќи се соочи со бројни предизвици кои произлегуваа од недостаток на институционални капацитети, општествени и политички предрасуди, како и самата ранливост на демократијата и економијата во транзиција - од социјалистички систем кон слободен пазар. Сепак, посветеноста на иницијаторите и конструктивната соработка со државните институции ги поставија темелите на еден успешен процес. Оваа заложба дополнително се унапреди во 2011 година, кога како министер во Собрание го предложив Законот за стопански комори, нов закон кој овозможи официјална регистрација и функционирање на СКСЗМ како независна комора со законски овластувања, со што се обезбеди целосно застапување на бизнис-заедницата и се придонесе за создавање поповолна економска и развојна клима."

**– Фатмир Бесими, поранешен министер за економија**

## Основачкото собрание и официјализацијата на СКСЗМ

На 13 февруари 2005 година, во хотел „Лираку“ во Тетово, се одржа Основачкото собрание на Економскиот круг на Северо-Западна Македонија (ЕКСЗМ). Ова беше првото име на организацијата и основата врз која подоцна ќе се изгради Комората како независна институција со законски овластувања.

На оваа средба беа донесени неколку значајни одлуки:

1. Усвојување на Статутот на ЕКСЗМ.
2. Избор на Раководството составено од 9 членови.
3. Избор на г. Џемаил Даути за прв Претседател на Комората.

Непосредно по основањето, **на 22 февруари 2005 година**, се одржа првата седница, на која се дискутираше за стратегијата на институцијата и за начинот на официјализирање на Комората.

Официјалната регистрација беше реализирана на **18.05.2005 година**, кога Стопанската комора на Северо-Западна Македонија стана дел од регистарот на стопански комори на Северна Македонија.

Дејноста на СКСЗМ ќе биде насочена кон професионално унапредување на бизнисите, поврзување на компаниите меѓусебно на национално, регионално и меѓународно ниво, како и создавање поволна деловна средина преку соработка и лобирање во владините институции.


С.К. бр. 4/05

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ,** надлежен за регистарот на стопански комори, одлучувајќи во вонпроцесна постапка преку судијата **Злата Стамболиска,** согласно член 11 од ЗВП а в.в. со член 19 и 21 од Законот за стопански комори (Сл.весник на РМ бр 54/02) и Законот за Стопанската комора на Македонија (Сл.весник на РМ бр.89/04), по пријавата за запишување во регистарот на стопански комори при овој суд на Стопанска комора на Економски Круг на Северо-западна Македонија, вон рочиште на ден **18.05.2005** година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Во Регистарот на стопански комори под **Рег.број 7 се запишува Стопанска Комора на Економски Круг на Северо-западна Македонија, со седиште во Тетово на ул. “Љубо Божиновски Пиш ” б.б.**

2. **Работата и активностите на Комората ќе се однесуваат** на давање на стручна помош на членовите на Комората во развојот на поодделни дејности и тоа од производство, трговија и услуги, усвојувањето на нови технологии и методи на водење на друштвата, поттикнување и координирање на истражувањата и развој на техничко технолошките достигнувања.

- **Комората** стекнува **својство на правно лице** и може да започне со работа **од 18.05.2005 год.**

18.05.2005 - Решението на Основниот Суд Скопје 1 за запишување на СКСЗМ во Регистарот на стопански комори.

# ОСНОВАЊЕТО НА СКСЗМ: РЕАКЦИИ ВО МЕДИУМИТЕ

Веста за основањето на СКСЗМ беше примена на различни начини во јавноста на Северна Македонија. Реакциите беа поделени, при што беше присутен и **сомнежот** за наводно формирање **паралелни институции** во држава која штотуку излезе од вооружен конфликт. Додека иницијаторите настојуваа пред медиумите да ја појаснат **благородната идеја** на Комората, токму домашните и меѓународните медиуми беа тие што ја препознаа оваа институција како катализатор на економскиот развој во годините што следуваа.

Сепак, поголемиот дел од јавноста беше ентузијастички расположен кон основањето на СКСЗМ. Со право ја препозна како конструктивна иницијатива со цел забрзан економски развој, отворање нови работни места и постигнување повисок степен на општествена благосостојба. Домашните медиуми ја оценија како креативна иницијатива на албанските бизниси за создавање организирана економска структура во Северна Македонија.

Весникот „**Факти**“ (04.02.2005) истакна дека создавањето на Стопанската комора претставува „отворена врата кон светскиот пазар“, опишувајќи ја како организација што има за цел заштита и застапување на интересите на албанските стопанственици, но и како платформа за меѓународна економска интеграција.


Во Тетово формиран Економски круг на северозападна Македонија

Здружување на бизнис-интересите за економско поврзување и развој

Во стартот се зачленети 280 претпријатија од Битола и Ресен, преку Скопје, Куманово до Делчево

**„Утрински весник“ (14 февруари 2005)** - известуваше од основачкото собрание одржано во Тетово, со учество на 280 компании од цела Северна Македонија, како иницијатива за економски развој и соработка по конфликтот во 2001 година. Беше нагласен сеопфатниот и економскиот карактер на иницијативата, при што се негираше било каква тенденција за политичка регионализација.

Додека „**Утрински весник**“ (14.02.2005) известуваше од Основачкото собрание во Тетово, нагласувајќи дека во оваа иницијатива биле вклучени **над 280 претпријатија од целата територија на земјата**, од Битола до Делчево. Написот го истакнуваше инклузивниот карактер и аспирациите за регионална и меѓународна економска соработка, врз основа на европски модели. Овие медиумски извештаи ја потврдуваат стратешката вредност на основањето на СКСЗМ и легитимитетот што таа го стекна уште во првите чекори.

Меѓутоа, во тогашната политичка и општествена клима, оваа иницијатива не беше едногласно прифатена од сите општествени и политички фактори во земјата и беше третирана со висока политичка чувствителност. На **14-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 октомври 2006 година**, повторно беше актуализирано основањето на СКСЗМ како случај што предизвикал претходни дебати во јавноста. Во парламентарните расправи беше наведено дека основањето на Комората „претставува чекор кон федерализација на Македонија“, преку нејзиното именување „... на Северо-Западна Македонија“, при што се користеше концептот на регионализација за нарушување на унитарниот концепт на државата.


10 INFORMACION

FAKTI E PREMTE, 4 SHKURT 2005

NISMË E BIZNESMENËVE SHQIPTARË

Oda ekonomike një derë e hapur drejt tregut botëror

Shumë biznesmenë kanë punuar gjatë kohë në themelimin e një shoqate, e cila më 13 shkurt solemnisht do të shpallet si asociacion që do të merret me mbrojtjen e biznesmenëve shqiptarë në Maqedoni

KARANXOPULOS ME POROSI

Reformat gjyqësore, çelësi i tërheqjes së kapitalit

**Весник „Факти“ (4 февруари 2005)** – посвети значителен простор на основањето на СКСЗМ, оценувајќи ја како неопходна институција за развојот на економијата кај Албанците но и во Северна Македонија воопшто.

# **ПОГЛАВЈЕ II:**
# КОНСОЛИДАЦИЈА И РАСТ (2005 - 2010)

ВРЕМЕНСКА ЛИНИЈА

15 март
## 2005
Само два месеца по основањето, претставници на СКСЗМ учествуваат во државната делегација за време на повеќедневна посета на Турција.

11 февруари
## 2006
Се одржа Првото редовно собрание на СКСЗМ, каде беа усвоени раководните структури, повторно беше избран Џемаил Даути за Претседател и беа формирани Управниот и Надзорниот одбор.

## 2007
Посета на Стопанската комора на Адана во Турција, каде СКСЗМ направи први чекори кон интернационализацијата со воспоставување официјална соработка со комората на Адана.

## 2007
Преместување на седиштето на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија во Скопје.

## 2008
СКСЗМ потпиша договор со МФРП за развојна поддршка и организира обуки за мали и средни претпријатија.

Скопје, 18 мај
## 2008
Организиран е „Претприемач на годината“ и СКСЗМ беше претставен на меѓународниот саем МУСИАД во Турција за промоција на бизнисите.

5 февруари
## 2009
„Ројадок со министрите“ во Скопје – СКСЗМ организира платформа за дијалог меѓу бизнисите и Владата за адресирање на економски и даночни прашања.

## 2009
Отворање на првиот локален бизнис центар во Чаир, со што започна процесот на економска децентрализација и обезбедување на блиски услуги за претпријатијата преку општините.

## 2009
Потпишани меморандуми за соработка со коморите на Косово и Албанија, со што СКСЗМ постави основа за создавање на еден албански столб со цел регионална интеграција.

## 2009
Организирани обуки од професорот Џон Шумански (САД) за развој на бизнис и претприемништво за членките на СКСЗМ и студенти на ДУТ.

## 2009
СКСЗМ ги претставуваше албанските бизниси на „Приштина 2009“ и на економски состаноци со партнери од Турција, Кина и Украина.

По завршувањето на првата фаза на основањето, годините 2006-2010 се период кога визијата на СКСЗМ почна да добива конкретен облик преку изградба на управни структури, регионално проширување и создавање на меѓународни соработнички мрежи.

СКСЗМ само ги претставуваше интересите на претпријатијата во економската реалност во процесите на донесување одлуки.

Првиот состанок на Собранието во 2006 година создаде организациска стабилност со градење на проактивен пристап за влијание врз одлуките, продлабочување на соработката со државните институции и невладини организации со искрен и продуктивен комуникациски пристап за поволна бизнис средина.

СКСЗМ беше иницијатор на дијалог меѓу бизнисот и Владата, реализирајќи „Појадок со министрите“. Комората започна проекти за промоција на успехот во бизнисот, како доделувањето на наградите „Претприемач на годината“.

Во овој период се реализираа значајни меѓународни посети, воспоставувајќи стратешки договори со партнери од САД, Турција, Косово, Албанија и пошироко.

Овие настани не беа само симболични, туку внимателно планирани настани за градење на нова култура на водење бизнис, кој не зависи само од спонтаната динамика на пазарот, туку и од институционалната архитектура и економските политики кои таа ги создава.

Во комплицирани социо-политички околности, СКСЗМ успеа да создаде посебен организациски идентитет, да гради доверба меѓу членките и да се позиционира како реален и важен фактор во донесувањето на економски политики во Северна Македонија.

Успехот на СКСЗМ треба да се гледа надвор од статистиката и активностите, бидејќи основањето на оваа институција претставува историски момент во обликувањето и градењето на институционални капацитети во служба на визијата за сеопфатен социјален и економски развој во Северна Македонија.



# Обраќање на првиот Претседател на СКСЗМ, Џемаил Даути (2005 – 2011)

## *ВИЗИЈАТА НА ОСНОВАЊЕТО И ПРВИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ*

Сè започна во летото на 2004 година, кога во еден жешки јулски ден ми се укажа прилика да одам на посета во Тетово, кај мојот пријател Арбен Абдурахмани. Тој само што ја имаше отворено веќе познатата компанија „Везе Шари“ и ми кажа дека се соочува со многу пречки, од царини до локални институции. Беа бариери кои доаѓаа како последица на институционални недостатоци во тоа време во Северна Македонија, како држава во незавршен транзиционен процес и со кревка демократија. Не беше единствениот бизнисмен кој се жалеше, бидејќи истите поплаки ги слушав скоро на секој состанок со моите пријатели. Но, за време на средбата со Арбен започнавме да размислуваме како да најдеме системско решение за да се надмине оваа непријатна ситуација, првично за бизнисот, а потоа и за општеството воопшто.

Токму тој момент почнав поозбилно да размислувам како можеме подобро да се организираме за да ги елиминираме овие бариери кои го попречуваат економскиот развој. Беше време кога ние, како претставници на бизнисот, да преминеме од секојдневните поплаки кон конкретно дејство. Требаше форма на организирање која ќе нè води кон решавање на овие проблеми.

Почнавме средби со бизнисмените. Дилемите што ги имавме, дали да биде организација или комора, на крајот се разјаснија, со тоа што одлучивме да основаме Стопанска комора со сите атрибути. Таа одлука беше логична и неопходна, земајќи го предвид бројот на компаниите, дејностите што ги покриваа и нивната географска покриеност. Беше одлука која означи почеток на создавање структура способна да влијае на државните политики.

Кон крајот на 2004 година, група од 30–40 компании создадовме план како треба да изгледа и каква мисија треба да има институцијата. Се договоривме нашата активност да има три правци: 1 – Создавање на бизнис средина со иницирање и предлагање законски решенија, инфраструктурни проекти и промени на сегменти на општеството во функција на напредокот на бизнисите; 2 – Едукација, обука и обезбедување на современи модели во менаџментот на бизнисите; 3 – Вмрежување и поттикнување соработка меѓу бизнисите на национално, регионално и меѓународно ниво.

Седум месеци подоцна, работите почнаа да се конкретизираат. На 13 февруари 2005 година, во Хотел Лирак во Тетово се одржа Основачкото собрание, каде беа поставени темелите на оваа нова институција, која првенствено секогаш ќе има за цел развој на економијата и сеопфатниот социјален развој.

Првите предизвици беа институционалниот скептицизам, политички предрасуди и недостаток на добро структурирање. Но, ниту еден од тие не нè запре. Напротив,

покажавме дека организација водена од силни принципи, со искреност, професионализам, посветеност и со јасна стратегија може да биде мотор на динамичен економски и социјален развој. Во овој период, Северна Македонија немаше долгорочна стратегија за економски и општ развој, што стана клучно барање за СКСЗМ да го донесе економскиот и социјалниот развој на здрави патеки, постојано барајќи изработка на долгорочна Стратегија за забрзан економски развој, која ќе служи како основа за изработка на владините економски политики. Овој предизвик, кој го третираа како „апсурден“, стана реалност во октомври 2024 година со активното учество на Комората во неговото создавање.

Под мое раководство, беа формирани Управниот и Надзорниот одбор, се организираа седници на собрание и беа воспоставени првите партнерства со државни институции на национално и меѓународно ниво.

Денес, 20 години подоцна, кога се потсетувам на овие историски денови на создавање на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија (СКСЗМ), чувствувам мешавина од силни емоции: гордост за тоа што постигнавме и благодарност за сите кои придонесоа за остварување на оваа визија.

Две децении по ред, СКСЗМ не беше само платформа за застапување, туку се претвори во арена каде се создаваа можности, се градеа мостови на соработка и се формулираа економски политики со влијание. Во овој основен период, беа воспоставени првите односи со партнери од Косово, Албанија, Балканот, Европа и пошироко, поставувајќи основи за вистинска соработка во економската сфера.

Денес Комората стана значајна национална институција, моќен глас за бизнисите и мост за комуникација меѓу приватниот сектор и државата. Таа премина од фаза на чист идеализам во организација со конкретно влијание врз макроекономските политики.

СКСЗМ сигурно ќе продолжи напред уште појако, правејќи нè горди не само нас бизнисмените, туку целото општество и државата. СКСЗМ не е само Комора, туку е идеал, мисија и заедничка визија за посилна економија која носи благосостојба во општеството.

Им благодарам од срце на сите кои ја поддржаа идејата за Комората и придонесоа во нејзиниот развој и раст во овие две децении.

Длабоко верувам дека СКСЗМ ќе слави уште многу јубилеи, генерација по генерација, каде сите ќе ги прославуваме успесите што оваа толку значајна институција за економијата и нашата општа благосостојба ќе го донесе.

# ПРВОТО СОБРАНИЕ – ПОЧЕТОК НА ИНСТИТУЦИОНАЛНОТО СТРУКТУРИРАЊЕ

По основањето и официјалната регистрација, СКСЗМ премина во фазата на консолидирање како економска институција со влијание во Северна Македонија. Овој период се карактеризираше со создавање управни структури, зголемување на бројот на членки и ангажирање во значајни економски политики за бизнис заедницата



**Прво редовно Собрание на СКСЗМ – 11.02.2006**




**Прво редовно Собрание на СКСЗМ – прес-конференција**

На 11 февруари 2006 година, се одржа Првото редовно собрание на СКСЗМ, на кој беа усвоени неколку клучни одлуки за иднината на Комората. На ова собрание:

## I. Беше избран Претседател на СКСЗМ

**Џемаил Даути** (Даути Комерц – Скопје) едногласно беше избран и потврден како прв Претседател на Комората.



Говор на Џемаил Даути по изборот за прв претседател на СКСЗМ, на Првото собрание одржано на 11.02.2006.

## II. Беше избран Претседателот на Собранието

**Миради Фетаји (Гудалат – Гостивар)** беше именуван за Претседател на Собранието на СКСЗМ.

## III. Се формира Управниот одбор со следните членови:

| | |
|---|---|
| 1. | **Шпенд Дибра** (Дипластика - Дебар) |
| 2. | **Ердоан Имери** (Тропикал - Охрид) |
| 3. | **Камбер Бизати** (Набизи - Струга) |
| 4. | **Агни Алиу** (Фрути - Струга) |

| | |
|---|---|
| 5. | **Неџат Мустафа** (Ајчо-Керчо - Кичево) |
| 6. | **Зариф Бајрами** (Хабиб Турс - Гостивар) |
| 7. | **Џемил Селими** (Џими Компани - Гостивар) |
| 8. | **Абедин Мурати** (Молика - Тетово) |
| 9. | **Дашмир Саити** (Ренова - Тетово) |
| 10. | **Касам Зендели** (Еко Шар - Тетово) |
| 11. | **Сабедин Бајрами** (Еуро Пласт 1 - Тетово) |
| 12. | **Хазби Нуредини** (АБЦ Продукт - Скопје) |
| 13. | **Џемаил Даути** (Даути Комерц - Скопје) |
| 14. | **Назми Ејупи** (Бентон-ни - Куманово) и |
| 15. | **Јусуф Сулејмани** (Бурдем Пластик - Скопје) |

**IV. Се формира Надзорниот одбор, одговорен за ревизија и следење на активностите и работата на Комората:**

| | |
|---|---|
| 1. | **Ибрахим Ислами** (Металекс - Тетово) |
| 2. | **Таџедин Адеми** (Селман Туризам - Куманово) |
| 3. | **Хашим Ајдини** (Дервент Промет - Скопје) |
| 4. | **Шазим Халили** (Ера Медика - Кичево) |
| 5. | **Рамадан Вејсели** (Балкан Тритикум - Тетово) |

Ова Собрание означи клучен чекор во внатрешната организација на СКСЗМ и го подготви за поактивна улога во економската политика и поддршката на албанските бизниси во Северна Македонија.

# СТРАТЕГИЈА НА РАСТОТ И КЛУЧНИТЕ СОРАБОТКИ

СКСЗМ започна нова фаза на проширување и зајакнување на својата позиција во домашната и регионалната економија. Само еден месец по основањето, Комората почна да учествува на речиси сите посети на високо ниво на државните делегации на Северна Македонија.




Март, 2005 – Реџеп Таип Ердоган, при пречекот на државната делегација предводена од премиерот Владо Бучковски, во чиј состав беше и претседателот на СКСЗМ, г. Џемаил Даути.

За време на повеќедневната посета на Турција, од 15 до 17 март 2005 година, г. Џемаил Даути ја предводеше делегацијата на албанските бизнисмени како дел од државната делегација, предводена од тогашниот премиер на земјата, г. Владо Бучковски. Државната и бизнис делегација беше пречекана од тогашниот турски премиер, денес претседател на државата, Реџеп Таип Ердоган, кој организираше вечера во својата резиденција во Анкара во чест на гостите од Северна Македонија. На овој состанок, Ердоган подготви неколку изненадувања за гостите, истакнувајќи ја важноста на традиционалните и пријателски односи меѓу двете држави. Атмосферата беше збогатена со турска ориентална музика, создавајќи посебна културна врска меѓу двете делегации.

На вечерата присуствуваа и други претставници на турската влада, кои ја придружуваа делегацијата од Северна Македонија во текот на целиот престој, со цел да се разгледаат можностите за соработка во сите области. Овој состанок не истакна само добри лични односи, туку и можности за проширена економска и развојна соработка. За таа цел, беше организиран и Бизнис Форум, каде претставниците на СКСЗМ доживеа топол прием од своите турски колеги, но и од самиот г. Ердоган. Токму за време на оваа посета, турската Влада ѝ донираше на Северна Македонија парцела земјиште во еден од најпознатите квартови на Анкара за изградба на новата Амбасада. Дури и проектот за објектот беше подарен од Анкара, изработен од јапонски архитект тогаш сместен во Турција.

Од овој момент, СКСЗМ ќе стане значаен актер и во економската дипломатија на Северна Македонија, играјќи клучна улога во привлекување на странски инвеститори преку партнерства со кредибилни компании во развиените земји во светот.

Во тој контекст, во 2007 година беше организирана официјална посета на Стопанската комора на Адана во Турција. Оваа посета означи уште еден важен чекор во интернационализацијата на СКСЗМ. За време на средбата, покрај размена на институционални искуства



Септември, 2007 - Благодарница за СКСЗМ од Стопанската комора на Адана (Турција), за време на официјална посета во 2007 година.

меѓу двете комори, за СКСЗМ беше доделено и признание од турскиот колега.

Зголемувајќи се како фактор и поттикнувач на економски развој, во почетокот на 2007 година раководството на СКСЗМ организираше состанок во просториите на Владата со тогашниот премиер г. Никола Груевски, при што му беа доставени 30 клучни барања за создавање поволна бизнис средина, неопходна и за страните и за домашните инвеститори. Меѓу тие барања беа проекти кои беа побарани како приоритет на владините политики, како што се:

- Патот на Арбр – со доставување на идеен проект;
- Кружниот тек на Тетово, до Јажинце, кој денес е во фаза на реализација, како и отворање на царинскиот терминал во Јажинце;
- Трасите на трамвајската линија – Гостивар – Тетово – Јажинце, вклучувајќи го целиот Полошки регион;
- Патот Тетово – Призрен;
- Патот Скопје – Блаце, кој е во фаза на реализација;
- Отворање на економска зона меѓу Скопје и Гостивар, која се изгради на влезот на Тетово;
- Давање на пасоши за бизнисмени (Бизнис пасоши) со официјални привилегии.

## Преместување на седиштето во Скопје, чекор кон институционален раст

По првите две години на институционална консолидација во Тетово, во 2007 година Стопанската комора на Северо-Западна Македонија направи значаен чекор кон зајакнување на своето присуство во центарот на донесување одлуки. Одлуката за преместување на седиштето во Скопје не беше само логистички потег, туку претставуваше добро осмислена стратегија за поблиску до државните институции, меѓународните организации и стратешките партнери.



Седиште на СКСЗМ – Скопје

Овој транзит беше претходен со низа значајни и убедливи средби меѓу основачите и раководството во тоа време, г. Назми Ејупи, г. Џемаил Даути и г. Хазби Нуредини, со тогашниот претседател на Стопанската комора на Македонија, г. Бранко Азески. За време на овие средби, беше убедливо истакнато дека СКСЗМ има место на оваа локација како достоен претставник на целата бизнис заедница во земјата. Како резултат, беше договорено првично да се ослободат неколку канцеларии за функционирање на Комората, со ветување дека во краток рок ќе се обезбеди цел кат од објектот, простор кој и денес останува централното седиште на СКСЗМ.

Со ова преместување, Комората започна нова фаза на развој каде бројот на членките се удвои, додека административната структура се прошири за да ги задоволи зголемените барања на членството. Присуството во Скопје ѝ даде на Комората не само повеќе видливост, туку и поголемо влијание врз процесите на донесување одлуки кои го засегаат бизнис климата во земјата.

Во 2008 година, СКСЗМ потпиша стратегиски договор со Македонска развојна фондација за претпријатија во Македонија (МРФП) за поддршка на зајакнувањето на капацитетите на СКСЗМ, а во рамките на овој проект беа организирани конференции и обуки во концептот „Мрежа на одржливо претприемништво“, со фокус на малите и средни претпријатија.

Во текот на целата оваа фаза, СКСЗМ активно се ангажираше во промоција на претприемништвото, особено преку организација на настанот „Претприемач на годината – 2008“ и учество на 12-тиот Меѓународен саем MUSIAD во Истанбул, Турција.



**Делегација на СКСЗМ за време на учеството на 12-тиот Меѓународен саем на MUSAID во Истанбул, октомври 2008 година.**

Истовремено, Комората го зајакна националното и меѓународното соработување, создавајќи релации со бизнис организации и универзитети, како и поддржувајќи проекти за развој на бизнисот во дијаспората.

Со цел изградба на долгорочно доверба со Владата, како и конструктивен пристап кон институциите, на 5 февруари 2009 година СКСЗМ го организираше настанот „Појадок со министрите“, еден креативен настан реализиран првпат во земјата. Настанот се одржа под покровителство на СКСЗМ и тогашниот вицепремиер, покојниот Абдулаќим Адеми, каде бизнисите имаа можност директно да дискутираат со претставници на Владата.



**5 февруари 2009 – Првиот состанок „Појадок со министрите" организиран од СКСЗМ, со присуство на Вицепремиерот Адеми и членови на владиниот кабинет, на кој се дискутираа барањата на бизнис-заедницата.**

2.Akti themelues dhe zgjedhja e kryesisë së RREMVP-së.
3.Fjalimi i Ministrit të Ekonomisë së z.Fatmir Besimi
4.Kokteli
5.Konferencë për shtyp.

Pas aprovimit me unanimitet të rendit të ditës nga pjesmarësit ,u kalua në zgjedhjen e personit për mbajtjen e procesverbalit z.Shpend Dibra.
Për pikën e parë të rendit të ditës referoi z.Hamsi Behluli ,kurse statutin e lexoi z.Nexhat Mustafa nga Kërçova dhe mbasi mbaroi së lexuari të statutit pika e parë e rendit të ditës u vu në diskutim dhe për fjalë u paraqit zotria që përfaqsonte firmën "Molika" i cili kërkoi që në statut në vend të emrit shoqatë të figurojë emir"Odë Ekonomike"pra të kalohet drejt për drejt në nocionin "Odë Ekonomike".Zotria gjithashtu bëri vërejtje për përcaktimin e kuotës së antarsimit dhe mundësia për sponzorim të pa limituar nga donatorët të ndryshëm që mund të ofrohen për këtë form ndihmese.Për fjalë pastaj u paraqit zotria përfaqsues i shoqatës së arkitektëve dhe vuri theksin në momentin që kjo iniciativë është domosdoshmëri në R.Maqedonisë dhe të mos zbehet shpejt sic ndodhe me iniciativat e tjera.
Për fjale u paraqit edhe z.Shefkiu i cili propozoi që firmave tu dergohet një pyetsor për antarsim dhe mendon se është nevoja për një Odë Ekonomike e jo për shoqata.Rreth kësaj pike të ditës fjalën e mori z.Hamsi Behluli i cili sqaroi se kjo zgjidhje është e përkohshme dhe sipas nevojës mund të kalohet në Odë Ekonomikedhe procedura për regjistrik është sipas ligjeve në fuqi paksa më e komplikuar ,por vullneti dhe dëshira nuk do të mungojnë.

Për pikën e dytë të rendit të ditës u propozua zgjedhja e kryesisë të përbërë pej 9 anëtarëve me kohzgjatje të përkohshme prej 6 muajve dhe për anëtar të kryesis u propozuan:

| | |
|---|---|
| Xhemail Dauti | kryetar |
| Zylbehar Ramani | anëtar |
| Kamber Bizati | nënkryetar |
| Erduan Imeri | anëtar |
| Zarif Bajrami | sekretar |
| Abedin Murati | anëtar |
| Nexhat Mustafa | anëtar |
| Shpend Dibra | anëtar |
| Nazmi Ejupi | anëtar |

Kjo kryesi e propozuar u pranua me unanimitet nga të pranishmit dhe u dëshiruan punë të mbarë.
Për pikën e tret të rendit të ditës e mori fjalën Fatmir Besimi ,Ministër i Ekonomisë i cili përshëndeti pjesmarsit dhe kryesisë i dëshiroi punë të mbarë.
Me kaq mbaroi pjesa formale dhe më pas u kalua në pikën katër të rendit të ditës Koktelqë u shtrua me rastin e aktit të themelimit të Rremvp dhe pika e pestë konferenc për shtyp me çka u mbyll e gjithë seanca.

## 2006 – 2011

| Бр. | ЧЛЕН | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Шпенд Дибра | ДИПЛАСТИКА |
| 2. | Ердоан Имери | ТРОПИКАЛ |
| 3. | Камбер Бизати | НАБИЗИ |
| 4. | Агни Алиу | ФРУТИ |
| 5. | Неџат Мустафа | АЈЧО-КЕРЧО |
| 6. | Зариф Бајрами | ХАБИБ ТУРС |
| 7. | Џемил Селими | ЏИМИ КОМПАНИ |
| 8. | Абедин Мурати | МОЛИКА |
| 9. | Дашмир Саити | РЕНОВА |
| 10. | Касам Зендели | ЕКО ШАР |
| 11. | Сабедин Бајрами | ЕУРО ПЛАСТ 1 |
| 12. | Хазби Нуредини | АБЦ ПРОДУКТ |
| 13. | Џемаил Даути | ДАУТИ КОМЕРЦ |
| 14. | Назми Ејупи | БЕНТОН-НИ |
| 15. | Јусуф Сулејмани | БУРДЕМ ПЛАСТИК |

## 2011 – 2015

| Бр. | ЧЛЕН | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Мендерес Кучи – претседател | АРБ КОМЕРЦ |
| 2. | Назми Ејупи – потпретседател | БЕНТОН-НИ |
| 3. | Енвер Малиќи – потпретседател | ГЕМАК |
| 4. | Нагиб Фејзи – потпретседател | КАСЕИФИЧИО ЦЕСАРИНА |
| 5. | Џеладин Азири | ФЕНИКС 93 |
| 6. | Нухи Алиу | ЕУРО АКТИВА |
| 7. | Хашим Ајдини* | ДЕРВЕНТ ПРОМЕТ |
| 8. | Касам Зендели | ЕКО ШАРР |
| 9. | Арбен Абдурамани | ВЕЗЕ ШАРИ |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Екрем Џемаили* | АНТИГОНА |
| 11. | Идриз Хоџа | ГЕНЦ КОМЕРЦ |
| 12. | Шпетим Пињоли* | АЛАСКА ТРЕЈД |
| 13. | Мунир Папранику* | БЕСМИР КОМЕРЦ |

Во 2013 година, членовите со * се заменуваат со следните членови:

| Бр. | ЧЛЕН | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 14. | Елита Маша | WOODROW WILLSON SCHOOL |
| 15. | Рамазан Бајрами | БУЈАРИЈА |
| 16. | Или Марку | УНИЈА ФИНАНСИСКА |
| 17. | Неби Хоџа | СМАРАГД |

## 2015 – 2019

| Бр. | ЧЛЕН | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Неби Хоџа – претседател | СМАРАГД |
| 2. | Нагиб Фејзи – потпретседател | КАСЕИФИЧИО ЦЕСАРИНА |
| 3. | Назми Ејупи – потпретседател | БЕНТОН-НИ |
| 4. | Менди Ќура – потпретседател | ТРИМ & ЛУМ |
| 5. | Нухи Алиу | ЕУРО АКТИВА |
| 6. | Агим Ќерими | ГИПС ИМОБИЛИА ДИЗАЈН |
| 7. | Фатмир Етеми | ЗСФ |
| 8. | Нури Мемети | ТЕТНЕТ |
| 9. | Арбен Халили | НОРД ЕНЕРЏИ ГРУП |
| 10. | Салим Хасани | МОДИНГ |
| 11. | Мендерес Кучи | АРБ КОМЕРЦ |
| 12. | Ариф Нуредини | ЛИТИ ФАРМ |
| 13. | Нијази Џумкар | ЏУМКАР |
| 14. | Реџаил Мустафи | ЛАМИ ФОРМ |
| 15. | Бајрам Цапа | ДЕБАРСКИ БАЊИ - ЦАПА |

## 2019 -2022

| Бр. | ЧЛЕН | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Неби Хоџа – претседател | СМАРАГД |
| 2. | Ејуп Абдулахи – потпретседател | ФЛУИДИ М |
| 3. | Арсим Папранику – потпретседател | НЕПТУН |
| 4. | Влора Адеми – потпретседателка | ДИГИ ЦУБЕ |
| 5. | Салим Хасани – потпретседател | МОДИНГ |
| 6. | Назми Ејупи | БЕНТОН-НИ |
| 7. | Менди Ќура | ТРИМ & ЛУМ |
| 8. | Нухи Алиу | ЕУРОАКТИВА |
| 9. | Агим Горчај | МЕГА АУТО ПАРТС |
| 10. | Генц Фејзи | КАСЕИФИЧИО ЦЕСАРИНА |
| 11. | Висар Јакупи | КИППЕР |
| 12. | Арбен Халили | НОРД ЕНЕРЏИ ГРУП |
| 13. | Илбер Мурати | МОЛИКА |
| 14. | Ариф Нуредини | ЛИТИ ФАРМ |
| 15. | Нијази Џумкар | ЏУМКАР |
| 16. | Ќаније Селими | РЕА ЦЕНТАР |
| 17. | Мерита Рамадани Алими | ДОГАН АИР |
| 18. | Лирим Мерсими | ЛИКУКИ ХОМЕ |
| 19. | Трим Ќемали | ДЕБАРСКИ БАЊИ - ЦАПА |

## 2022 – АКТУЕЛНИ

| Бр. | ЧЛЕН | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Менди Ќура – претседател | ТРИМ & ЛУМ |
| 2. | Нухи Алиу – потпретседател | ЕУРОАКТИВА |
| 3. | Јетон Асани – потпретседател | ГИГАБЕЛ |
| 4. | Шпресим Таири – потпретседател | ТАИ ГРУП ДОО РЕЈ |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Зелќиф Бериша | МАККОС КОМПАНИ |
| 6. | Сефедин Мустафа | ЕКО ТЕХНИКА |
| 7. | Сами Морина | ЕКО ЕНЕРГИС |
| 8. | Ибиш Незири* | ГРОТЕКС ГРАДБА |
| 9. | Мендерес Кучи | АРБ-КОМЕРЦ |
| 10. | Лумни Ајвази | МУЛТИПАРК ИЗАИРИ |
| 11. | Мимоза Тачи* | САН & СТАРС |
| 12. | Хајрула Хасани* | СКАРДУС |
| 13. | Џемаил Дурмиши | АРТИФЕКС |
| 14. | Сами Мустафа | АМБРЕЛА |
| 15. | Решат Муслиу | СИТИ БЕТОН |
| 16. | Ресул Хани | АРХ КОНЦЕПТ |
| 17. | Лирим Мерсими | ЛИКУКИ ХОМЕ |
| 18. | Трим Ќемали* | ДЕБАРСКИ БАЊИ - ЦАПА |

За време на овој мандат, членовите означени со * беа заменети со следните членови

## 2022 – АКТУЕЛНИ

| Бр. | ИМЕ | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Агрон Мустафи | М-ХАУСЕ |
| 2. | Бедрије Рауфи | ВЕРОНА ТРАВЕЛ |
| 3. | Ќаније Селими | ЦЕНТАР РЕА |
| 4. | Мирлинда Нуредини | М СОРА |
| 5. | Арлинда Алиу | КАПИТАЛ ТРАНСФЕР |
| 6. | Емре Тала | ЕНТ БИЛДИНГ |

## Членови на Надзорниот одбор

2005 – На Основачкото Собрание одржано на 01.03.2005, како членови на Надзорниот одбор на СКСЗМ беа избрани:

1. Адем Абази
2. Неби Даути
3. Хашим Ајдини
4. Арбен Абдурахмани
5. Ибрахим Ислами

### 2006 – 2011

| Бр. | ЧЛЕН | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Ибрахим Ислами | МЕТАЛЕКС |
| 2. | Таџедин Адеми | СЕЛМАН ТУРИЗАМ |
| 3. | Хашим Ајдини | ДЕРВЕНТ ПРОМЕТ |
| 4. | Шазим Халили | ЕРА МЕДИКА |
| 5. | Рамадан Вејсели | БАЛКАН ТРИТИКУМ |

### 2011 – 2013

| Бр. | ЧЛЕН | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Решат Нагавци | ДРИНМАРК |
| 2. | Шефки Алити | МАКАЛБ |
| 3. | Или Марку | УНИЈА ФИНАНСИСКА |
| 4. | Сејфи Рахмани | БАЈЕР |
| 5. | Бајрамали Саити | ГОЛД СТАЈЛ |
| 6. | Истреф Мемедали | ПОФИКС |
| 7. | Рамадан Вејсели | БАЛКАН ТРИТИКУМ |

## 2013 -2015

| Бр. | ЧЛЕН | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Ибрахим Ислами | МЕТАЛЕКС |
| 2. | Рамадан Вејсели | БАЛКАН ТРИТИКУМ |
| 3. | Филор Мерсими | ИГНАЦИА СТАЈЛ |
| 4. | Реџаил Мустафи | ЛАМИ ФОРМ |
| 5. | Агим Ќерими | ГИПС ИМОБИЛИА |
| 6. | Муарем Муртезани | АЛМА М |
| 7. | Џемаил Рамадани | КОНДОВО |

## 2015-2019

| Бр. | ЧЛЕН | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Енвер Малиќи | ГЕМАК |
| 2. | Арсим Папранику | НЕПТУН |
| 3. | Адем Абдулахи | ПРИНЦ ЕНТЕРПРАЈС |
| 4. | Муса Рамани | ЕРЈОНИ |
| 5. | Сали Јонузи | САЛ КОМ 2 |
| 6. | Решат Муслиу | СИТИ БЕТОН |
| 7. | Лирим Мерсими | ЛИКУКИ ХОМЕ |

## 2019 - 2022

| Бр. | ЧЛЕН | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Мухамед Хаџипази | ХАЛК БАНК |
| 2. | Сефедин Мустафа | ТЕХНИКС |
| 3. | Фатмир Емини | ЕФТИНИЈА |
| 4. | Зибер Зибери | ЗИБИНГ |
| 5. | Џемаил Дурмиши | АРТИФЕКС |
| 6. | Сами Мустафа | АМБРЕЛА |
| 7. | Валмир Каба | ХОТЕЛ ДИПЛОМАТ |

**2022 - АКТУЕЛНИ**

| Бр. | ЧЛЕН | КОМПАНИЈА |
|---|---|---|
| 1. | Фатмир Етеми | ЗСФ КОМ |
| 2. | Арбен Халили* (2022 – 2025) / Ридван Мустафа (2025 – актуелно) | ЦЕЗАРД / Е-КОНТ |
| 3. | Генц Фејзи | ПРОЦЛЕАН |
| 4. | Ариан Цумкар | ЦУМКАР |
| 5. | Ариф Арслани | ФАТА КОМПАНИ |



**Фатмир Етеми, претседател на Надзорниот одбор (2022 - актуелен)**

*На овој 20-годишен јубилеј, јас, како еден од раководителите на СКСЗМ, како претседател на Надзорниот одбор, се чувствувам горд што сум дел од оваа многу важна институција.*

*Она што ме прави уште посреќен е фактот што покрај мојата активност како бизнисмен, во текот на овие 20 години, ја искористив и мојата секојдневна работа во служба на оваа институција, особено преку поврзување и обединување на бизнисмени низ целата земја во служба на мисијата и визијата на комората.*

*Затоа, сакам да им пренесам порака на сите бизнисмени дека од перспектива на посветеноста и трудот што се вложуваат, 20 години се многу, но во историски контекст, мора да дадеме уште поголем придонес и да станеме водич за генерациите што доаѓаат!*

## Извршната канцеларија на СКСЗМ

Од своето основање, Стопанска комора на Северо-Западна Македонија е изградена и зајакната не само преку стратешкото водство на претседателите и извршните директори, туку и благодарение на посветениот ангажман на професионалниот кадар на Извршната канцеларија.

Оваа канцеларија беше оперативен столб на институцијата, влијаејќи директно врз спроведувањето на политиките, реализацијата на проектите, комуникацијата со членството, партнерите и јавноста, како и врз функционалното секојдневие на Комората.

Со текот на годините, СКСЗМ помина низ различни етапи на организациски и професионален раст и во овој процес, десетици поединци придонесоа со посветеност во функционирањето и претставувањето на Комората на сите нивоа.

## Вработените во Извршната канцеларија

Во продолжение е прикажана хронолошка табела со вработените кои придонеле низ годините во Извршната канцеларија на СКСЗМ:

| Бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ПЕРИОД НА РАБОТА |
|---|---|---|
| 1. | Мируше Положани | 2006 – 2016 |
| 2. | Мираелем Асани | 2006 |
| 3. | Армир Рамадани | 2006 |
| 4. | Илир Идризи | 2007 – 2008 |
| 5. | Абдула Зибери | 2007 – 2008 |
| 6. | Решат Нагавци | 2012 – 2015 |
| 7. | Фатима Бејтулаи | 2012 – 2018 |
| 8. | Арлинд Зеќири | 2012 – 2013 |
| 9. | Грамоз Шабани | 2013 – 2014 |
| 10. | Афрона Врзиволи | 2015 – 2016 |
| 11. | Милаим Амети<br>*Оперативен менаџер (2017 – 2019)* | 2015 – 2019 |
| 12. | Едита Мерсими | 2016 – 2018 |
| 13. | Надире Селими | 2016 |
| 14. | Дриљон Исени<br>*Оперативен менаџер* | 2016 – 2017 |
| 15. | Мејреме Синани | 2017 – 2018 |
| 16. | Мерсим Мемеди | 2018 – 2019 |
| 17. | Меритон Арслани | 2018 – 2019 |
| 18. | Иман Ајрула | 2018 – 2020 |
| 19. | Анила Ејупи | 2018 – 2022 |
| 20. | Дренуша Ника | 2019 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Дурим Зеќири<br>*Оперативен менаџер (2021 – 2023)* | 2020 – 2023 |
| 22. | Арманда Јусуфи | 2020 – 2021 |
| 23. | Мердије Имери | 2022 – 2023 |
| 24. | Мерита Ахмеди | 2022 – 2023 |
| 25. | Мрика Салихи | 2023 – 2024 |

## Тековен состав на Извршната канцеларија

| Бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ГОДИНА | РАБОТНА ПОЗИЦИЈА |
|---|---|---|---|
| 1. | Миранда Ајдини | 2019 | Оперативен менаџер |
| 2. | Ширет Аљији | 2020 | Административен и финансиски соработник |
| 3. | Бесиана Мустафа | 2023 | Службеник за соработка со деловниот сектор |
| 4. | Гелина Љатифи | 2023 | Соработник за Протокол и Односи со јавноста |
| 5. | Гента Љатифи | 2024 | Соработник за истражување и анализа |

Покрај вработените ангажирани со договор за вработување, СКСЗМ во текот на сите години од своето функционирање примала и обучила десетици практиканти, во најголем дел студенти по економија, финансии, право и ИТ, нудејќи им можност за професионално искуство, развој на вештини и вклучување во реални активности на Комората.

Оваа компонента секогаш била дел од политиката на општествена одговорност на Комората и доказ за нејзината посветеност кон развојот на човечките капацитети и поврзувањето на генерациите во функција на институционалната одржливост.

ОЕМУР

# ПОГЛАВЈЕ IX:
ИСТОРИЈА
И ТРАНСФОРМАЦИЈА
НА ЛОГОТО НА СКСЗМ

## 2005–2017

Оригиналното лого на СКСЗМ го одразуваше институционалниот дух и ориентацијата кон европска интеграција, служејќи како прв идентификатор на Комората во основачката фаза.

## 2017– денес

Новото модерно лого го симболизира вмрежувањето, соработката и иновативната енергија на бизнисот, одразувајќи ја стратешката зрелост и долгорочната визија на Комората.

**Во ера кога визуелниот идентитет претставува суштински дел од комуникацијата и институционалното позиционирање, промената на логото на Стопанска комора на Северо-Западна Македонија претставува повеќе од естетски чин, таа е одраз на нејзината стратешка еволуција и модернизацијата на нејзината мисија.**

**СКСЗМ за првпат го промени своето лого во 2017 година, по 12 години функционирање со оригиналниот идентитет создаден во 2005 година. Оваа промена означи нова фаза во историјата на институцијата.**

## Оригиналното лого (2005 – 2017)

OEMVP

Oda Ekonomike e Maqedonisë Veri-Perëndimore
Стопанска Комора на Северо -Западна Македонија
Economic Chamber of North -West Macedonia

Првото лого на СКСЗМ имаше симболичен карактер кој го одразуваше духот и ориентацијата на институцијата. Тоа содржеше визуелни елементи како ѕвездите што упатуваа на знамето на Европската Унија и акронимот СКСЗМ (OEMVP) на сина позадина, нагласувајќи ја припадноста и амбицијата за интеграција.

Ова лого стана првиот препознатлив знак на Комората во јавноста и ја придружуваше нејзината основачка фаза, изградбата на структурите, зголемувањето на членството и развојот на првите меѓународни партнерства.

# Новото лого и неговата филозофија (од 2017 година)

OEMVP

ODA EKONOMIKE E MAQEDONISË VERI-PERËNDIMORE
СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРО-ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH-WEST MACEDONIA

Во 2017 година, СКСЗМ претстави нов визуелен идентитет – модерно, елегантно лого дизајнирано со современ симболичен пристап. Новите елементи не беа само естетски, туку носеа длабоки институционални пораки:

- Геометриската форма на врвот, која го симболизира врвот на една куќа, ја претставува СКСЗМ како заштитна купола што ги обединува сите бизниси под еден заеднички покрив.
- Поврзаната форма во центарот, слична на симболот на бесконечноста, ја означува поврзаноста меѓу бизнисите, вмрежувањето и соработката како суштински вредности на Комората.
- Современите бои - портокалова и виолетова, ја претставуваат енергијата, иновацијата, професионалноста и авторитетот.

Ова лого не служи само за визуелно препознавање, туку е конципирано како дел од новата стратегија за комуникација и интернационализација на Комората, која во тој период бележеше брз раст и проширување на своите функции и влијание.

Промената на логото на СКСЗМ не е само графичка трансформација, таа го отсликува преминот од фаза на консолидација во фаза на институционална зрелост и долгорочна визија. Од едноставен симбол на основањето, до софистициран идентитет што ја претставува современата мисија на Комората, овој процес е доказ за нејзината посветеност да остане актуелна, професионална и релевантна во економска средина што постојано се менува.

# ПЛАНОВИ ВИЗИЈА ЗА ИДНИНАТА

Во следните десет години, Стопанска комора на Северо-Западна Македонија се гледа себеси како клучен актер во длабоката економска, институционална и општествена трансформација на земјата. Не само како претставник на интересите на своето членство, туку како движечка сила што придонесува кон создавање развојна, конкурентна и инклузивна економија. СКСЗМ сè повеќе ќе биде платформа што го артикулира и го преточува економскиот визионерски поглед на претприемачите во јавни политики, долгорочни партнерства и конкретни решенија за структурните предизвици на државата.

Во центарот на оваа визија стои уверувањето дека економијата на иднината ќе биде зелена и дигитална. СКСЗМ има за цел да ги предводи напорите за еколошка и технолошка трансформација на бизнисите, поттикнувајќи инвестиции во обновливи извори, енергетска ефикасност и иновации. Во соработка со домашни и меѓународни партнери, ќе создава одржливи механизми за да им помогне на претпријатијата да се усогласат со новите еколошки стандарди и да го надминат дигиталниот јаз што ги остава зад себе многу локални економии. Целта не е само опстанок на сè поконкурентен пазар, туку свесен премин кон модел на забрзан и одржлив развој.

Друга стратешка област во која СКСЗМ ќе го интензивира своето делување е човечкиот капитал. Работната сила е најголемото богатство на една економија, но овој потенцијал останува неискористен без образовен систем тесно поврзан со потребите на пазарот. Поддршката и поттикнувањето на реформата на стручното и универзитетското образование, преку градење мостови меѓу училиштата, универзитетите и компаниите, е неизбежна потреба. Промовирањето на трансформацијата на компаниите и создавањето програми за преквалификација на млади и возрасни лица во области како технологија, современо производство, агроиндустрија и услуги со додадена вредност ќе бидат дел од портфолиото на СКСЗМ. Без нова генерација подготвена за предизвиците на времето, не може да има забрзан раст ниту задржување на младите во земјата, додека конкурентноста не е избор, туку неопходност за која нашето членство е длабоко свесно.

Во наредната деценија, консолидирањето на улогата на СКСЗМ како заштитник и поттикнувач на малите и средни претпријатија ќе продолжи со исто темпо. Овие компании, кои често се соочуваат со недостиг на капитал, ограничени човечки ресурси и потешкотии во формализацијата, имаат потреба од долгорочен партнер. Преку институционален дијалог,

анализи насочени кон фискални реформи и практична поддршка за подобрување на пристапот до пазари и финансии, СКСЗМ ќе работи малите претпријатија да не се третираат како исклучоци, туку како вистински столбови на децентрализиран економски развој.

Суштински дел од оваа визија е и стратешката поврзаност со дијаспората. СКСЗМ верува дека дијаспората не е само извор на дознаки, туку извор на визија, капитал и знаење. Во следните десет години, Комората ќе има за цел да изгради одржливи мостови меѓу домашните претприемачи и оние надвор од земјата, преку платформи наменети за инвестиции, економска соработка и развојни проекти во татковината. Вклучувањето на дијаспората во локалниот развој не треба да остане на симболично ниво, туку да стане дел од долгорочните економски политики на државата и општеството.

СКСЗМ ќе ги интензивира и напорите за промоција на нов модел на економска децентрализација, каде развојот нема да биде концентриран само во главниот град, туку ќе го опфати целото подрачје, особено регионите каде економскиот потенцијал е присутен, но недоволно искористен. Преку соработка со општините, донаторите и државните институции, Комората ќе работи на создавање поповолни услови за развој на локалните претпријатија, отворање нови работни места и намалување на внатрешната и надворешната миграција.

Во оваа нова деценија, СКСЗМ ќе остане и силен глас за формализација на економијата и зацврстување на владеењето на правото, особено во градењето фискален систем заснован на праведност, мотивација и соработка, а не на страв и казнување. Преку континуиран дијалог со владата и релевантните институции, Комората ќе се залага за праведна и транспарентна бизнис-клима, во која секој придонесува и секој добива соодветно на својот придонес.

Оваа визија не е само аспирација, туку е стратегија и заедничка обврска кон нашето членство, кон економијата на земјата и кон генерациите што ќе го наследат она што го градиме денес. СКСЗМ е и ќе остане решена не само да ги следи развојните текови, туку да ги предводи. Бидејќи само на овој начин се гради економија која не е привремена. Економија што не исклучува, туку вклучува.

# ПРИДОНЕСУВАЧИ ВО ПАТУВАЊЕТО НА СКСЗМ

Во оваа монографија, Стопанска комора на Северо-Западна Македонија со посебна благодарност се сеќава на поединците и институциите кои во различни периоди придонеле за консолидирањето, афирмацијата и растот на Комората, како независен глас на бизнисот во земјата.

Ова поглавје опфаќа дел од оние кои, во клучни моменти од развојот на Комората, дале значаен придонес во унапредувањето на нејзината мисија, оставајќи трага во 20-годишната историја на СКСЗМ.

| | |
|---|---|
| 1. | **Агим Шахини** - Претседател на Косовската Бизнис Алијанса |
| 2. | **Арбен Чејку** – Поранешен амбасадор на Албанија |
| 3. | **Бехиџудин Шехапи** – Претседател на организацијата EL HILAL |
| 4. | **Беким Беќај** – Поранешен претседател на Стопанската Комора на Косово (2005) |
| 5. | **Ерван Фуере** – Поранешен амбасадор на ЕУ во Северна Македонија |
| 6. | **Фатос Река** – Поранешен амбасадор на Албанија |
| 7. | **Флориан Ќехаја** – Амбасадор на Република Косово |
| 8. | **Хари Бајрактарии** – Албанско-Американски Национален Совет |
| 9. | **Омер Болат** – Министер за надворешни работи на Турција |
| 10. | **Венко Глигоров** - Поранешен претседател на Сојуз на Стопански Комори |
| 11. | **Зоран Ставревски** - Поранешен министер за финансии |
| 12. | **Зоран Заев** - поранешен Претседател на Владата на РСМ |

Посебна почит им се оддава на оние кои денес повеќе не се меѓу нас, но чие дело продолжува да се слуша во успесите што следеа.

**Во чест на починатите придонесувачи:**

| | |
|---|---|
| 1. | **Адем Абдулахи** – PRINCE ENTERPRISE |
| 2. | **Енвер Малиќи** – GEMAK |
| 3. | **Истреф Мемедали** - POFIX |
| 4. | **Надри Рамадани** |
| 5. | **Неџат Шахини** – BAUKOP |
| 6. | **Решат Камбери** – Новинар |
| 7. | **Шефки Алити** – MAKALB (неговиот придонес во идеолошките инфраструктурни проекти во земјата) |
| 8. | **Владимир Прела** – Поранешен амбасадор на Албанија |

# ТЕЛЕГРАМИ
# СО ЧЕСТИТКИ



## *Собранието стои покрај вас со целосна поддршка*

Во мое лично име и во име на Собранието на Република Северна Македонија, изразувам најсрдечни честитки по повод 20-годишнината од основањето и извонредниот пат на Стопанската комора на Северно-западна Македонија!

Ценејќи ја вашата неуморна работа и придонес во зајакнувањето на економската заедница и одржливиот развој на економијата на земјата, ги реафирмираме конструктивното партнерство и посветеноста за понатамошна соработка во остварувањето на заедничките државни интереси. Собранието стои покрај вас со целосна поддршка и длабока доверба за заедничко градење на светла и просперитетна иднина.

**Африм Гаши, Претседател на Собранието на Република Северна Македонија**



## *Горд сум што бев меѓу првите поддржувачи на оваа иницијатива*

*Почитувани,*

Дозволете ми, во мое лично име и во име на Демократската Унија за Интеграција, срдечно да ви честитам по повод 20-годишнината од основањето на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија! Овој значаен јубилеј не е само датум во календарот, туку јасен доказ дека храбрите визии, кога се придружени со посветена работа и искрена поддршка, се претвораат во реалност. Од првите денови ја гледавме СКСЗМ како важна институција во линија со нашата политичка визија и со Охридскиот договор: целосна еднаквост меѓу нашите граѓани, евро-атлантска перспектива за земјата и благосостојба за секого.

Основањето на оваа комора, во време кога политичките и општествените предизвици беа бројни, претставуваше голем и храбар чекор. Ние ја охрабривме и ѝ дадовме силна институционална поддршка за оваа иницијатива да стане реалност. За прв пат, албанскиот бизнис го доби заслуженото место во домашната економија и стана активен дел од развојот и интеграцијата на нашата земја во Европската унија и НАТО. Ова е најдобар пример дека политичката и културната еднаквост мора да одат рака под рака со економската еднаквост.

По две децении, СКСЗМ се претвори во моќен механизам за достојно претставување на бизнисите и унапредување на рамномерниот економски развој. Горд сум што бев меѓу првите поддржувачи на оваа иницијатива и уверен сум дека оваа комора ќе остане силен столб на нашата заедничка иднина.

**Али Ахмети, Претседател на Демократската Унија за Интеграција**



*СКСЗМ беше неразделен партнер на Косовската Бизнис Алијанса уште од првиот ден на нејзиното основање*

*Почитувани пријатели и соработници на СКСЗМ,*

По повод 20-годишнината од основањето на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, дозволете ми во име на Косовската бизнис алијанса (АКБ) и во мое лично име да ги изразам најсрдечните честитки за овој значаен јубилеј, кој одразува посветено и визионерско патување.

СКСЗМ беше неразделен партнер на АКБ уште од првиот ден на нејзиното основање. Во текот на овие две децении изградивме одржливи мостови на соработка, кои им послужија не само на нашите компании членки, туку и на економиите на нашите земји во целина. Нашите односи беа не само институционални и професионални, туку и човечки и пријателски.

Овој јубилеј е доказ за заедничкиот успех и за посветеноста на СКСЗМ да биде силен глас на албанската бизнис заедница во Северна Македонија и пошироко.

Честитки за овој значаен јубилеј! Со уверување дека нашето заедничко патување ќе продолжи со нови успеси во децениите што доаѓаат.

**Агим Шахини, Претседател на Косовската Бизнис Алијанса**



*Две децении соработка и партнерство*

*Почитувани,*

Од име на Стопанска комора на Македонија-Турција ми е задоволство да Ви ја честитам 20-годишнината од основањето на Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија. Во текот на овие 20 години ја проширивме нашата соработка во насока на поддршката на бизнис заедниците, застапувањето за економски развој и создавањето можности за раст, како на нашите членки, така и на нашето општество. Со заедничките сили, веруваме дека нашите споделени вредности и комплементарни сили ќе резултираат во значајни придобивки за нашите членки и за пошироката економска сцена.

**Ајдован Адемоски, Претседател на Стопанска комора на Македонија - Турција**



### *Довербата , темел на успехот и во партнерството*

20-годишнината на вашата Комора е и 20-годишнина на заемната доверба со клиентите и партнерите. И за нас, како SIGAL групација, успехот не се мери со бројки или финансиски показатели, туку со довербата што сме ја изградиле со клиентите.

Тука во Северна Македонија и во регионот, за нас довербата се раѓа во моментот кога ќе дадеме збор, а се потврдува кога тој збор ќе се претвори во исплатена штета. Суштината на осигурувањето е токму тоа: едно лице доаѓа кај нас за да го „продаде“ ризикот што смета дека го опкружува. Нашата задача е тој ризик да го преземеме и да го претвориме во гаранција, сигурност и заштита. Кога ќе дојде моментот, таа обврска ја исполнуваме без одложувања и без оправдувања.

Врз основа на заемната доверба, и за вашата Комора иднината изгледа сигурна.

**Авни Понари, Основач и извршен директор на SIGAL Insurance Group, Албанија, Косово, Северна Македонија**

---



### *Економскиот развој започнува таму каде што се среќаваат образованието и младите*

Универзитетот „Мајка Тереза“ воспостави силно партнерство со СКСЗМ преку клучни иницијативи како што се тркалезните маси „Образование за вработување“, форумот за кариера и работилниците за развој на вештини и усогласување на студиските програми со пазарот на трудот.

Оваа соработка покажува дека економскиот развој започнува таму каде што образованието и младите се среќаваат со јасна визија за иднината. По повод 20-годишнината, ви упатуваме срдечни честитки и ве охрабруваме да продолжите со истото темпо, изразувајќи ја нашата длабока благодарност за партнерството и заедничката визија.

**Проф. д-р Беким Фетаи, Ректор на Универзитетот „Мајка Тереза“**

---



### *Високо ја цениме одржливата соработка*

Во две децении континуирана ангажираност, Стопанската комора на Северо-Западна Македонија се претвори во значаен фактор на економскиот развој и зајакнувањето на домашното претприемништво. Како институција, високо ја цениме оваа одржлива соработка, активната вклученост на СКСЗМ во економските процеси и нејзиниот придонес во создавањето поправедна и подинамична средина за бизнисите.

Честитки за 20-годишнината, со желба вашите успеси да продолжат и понатаму, во интерес на економијата и граѓаните!

**Бесар Дурмиши, Министер за економија и труд**

---



*СКСЗМ – доверлив модел на соработка*

СКСЗМ низ годините докажа дека е доверлив и неопходен партнер за економскиот развој на земјата. Со визија, професионалност и посветеност, оваа организација го поддржуваше локалниот бизнис, создаваше мостови на соработка и ги зајакнуваше темелите на нашата економска заедница.

Како претседател на Движењето БЕСА, високо го ценам овој незаменлив придонес, кој не само што му служи на одржливиот економски развој, туку создава и здрава клима на соработка меѓу институциите, политиката и бизнисот. Цврсто верувам дека ваквите партнерства се моделот врз кој треба да изградиме подобра иднина за нашите граѓани.

**Проф. д-р Билал Касами, Претседател на партијата Движење БЕСА**



*Заедно можеме да создадеме уште посилна бизнис-заедница*

*Почитувани,*

Во име на Македонско-бугарската Стопанска комора и во мое лично име, дозволете ми да ви упатам најискрени честитки по повод значајниот јубилеј – 20 години од основањето и успешно работење на Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија.

Вашата посветеност кон економскиот развој на регионот, унапредувањето на претприемништвото и поддршката на деловната заедница претставуваат пример за конструктивна и визионерска политика. Овој јубилеј не е само признание за досегашните достигнувања, туку и поттик за нови иницијативи, партнерства и заеднички успеси.

Во таа насока, изразуваме искрена благодарност за досегашната соработка и подготвеност за понатамошно јакнење на врските помеѓу двете комори. Веруваме дека преку координирани активности, заеднички проекти и регионални иницијативи, можеме да создадеме уште посилна и поповрзана деловна заедница – како во рамките на Македонија, така и преку поврзување со нови пазари.

Со почит и искрени желби за натамошни успеси, подготвени сме на остварување на конкретни форми на соработка во престојниот период.

**Билајана Митева, Претседател на Македонско-Бугарска Стопанска комора**



*Заедно можеме да постигнеме големи успеси*

Само преку редовен дијалог можеме заеднички да ги унапредиме процесите и да ја подобриме деловната клима. Тоа е наш заеднички придонес кон економска стабилност и поголема конкурентност на македонските компании на глобалниот пазар. Во изминатиот период, заеднички покажавме дека институциите можат да бидат двигател на позитивни промени кога се водат со визија, а тимската работа е ставена во прв план. Царинската управа стана симбол на институционален капацитет што колективно испорачува резултати. Наш фокус останува олеснувањето на легалната трговија – преку поедноставени и дигитализирани царински процедури, подобра поврзаност и транспарентност, клучни за побрз економски раст.

**Бобан Николовски, Директорот на Царинската управа**



*Кога бизнисот одлучува пред политиката*

Патиштата со Џемаил Даути ни се споија повторно во 2005 година, исто како што тоа се случи во 1986. Овој пат на бизнис-основа, како претседатели на две значајни бизнис-организации: едната излезена од урнатините настанати во периодот 2003-2004 година, а другата тукушто создадена. Стопанската комора на Северна Македонија дотогаш не претставувала никаков предизвик. Состојбата која ја затекнав длабоко те мотивира како човек да направиш нешто, а тоа нешто беше многу едноставно: 86 вработени и месечни приходи од 1,5 милиони денари, заедно со платниот фонд четири милиони денари. Немаш раководство, немаш институција. Имаш само звучно име и една голема зграда која немаш пари да ја одржуваш. Таа зграда ти е единствениот спас да преживееш. Го прифаќаш барањето на Џемаил Даути и ја внесуваш Стопанската комора на Северо-Западна Македонија во просториите на СКСМ. За да им направиш простор, ги укинуваш двете најголеми регионални комори (тетовската и гостиварската), долго време не им наплаќаш кирија и ги поддржуваш на секој чекор, истовремено борејќи се со сопствените проблеми.

Многупати ќе се запрашаме дали внесувањето на Северозападната комора во зградата на СКСМ беше правилен потег и дали таа така стана зграда на бизнисот или, пак, јаболко на раздорот. Во секој случај, мислам дека лично повлеков голем потег во клучни моменти и дека е тоа препознаено од сите страни.

По Џемаил дојде Мендерес Куќи, па Неби Хоџа, па Менди Кира, а меѓу нив и стотина други бизнисмени кои станаа мои пријатели. Моите соработници, исто така, во апаратот и во структурите на оваа комора изградија пријателски односи, кои подоцна се проширија низ целата држава. Оттука произлегоа и неколку функции во владите на Република Македонија, а односите секогаш беа со почит. Во овие дваесет години оваа сторија стана пример како меѓусебно треба да го поддржуваме бизнисот во интерес на луѓето кои го одбрале за своја професија. Нашата цел е заедничка: поголем профит за компаниите, повисок стандард за граѓаните и поголем раст на БДП за државата. Многу јасно прецизно и кратко.

Им посакувам уште двесте години да ја развиваат традицијата која кај нас на Балканот е единствено можна – да создадат услови бизнисот да добие предимство пред политиката и политичарите.

**Со почит,**

**Бранко Азески, Претседател на Стопанска комора на Северна Македонија**



### *Соработка помеѓу современиот бизнис и старите занаети*

Соработката помеѓу Стопанската комора на Северо-Западна Македонија и Еснафот на Чаршијата претставува важен чекор кон зајакнување на локалните бизниси и зачувување на традиционалното трговско наследство. Ова партнерство има за цел да создаде мостови на соработка меѓу современиот економски сектор и старите занаети, поттикнувајќи инклузивен економски развој и промоција на културните вредности на Чаршијата.

Преку оваа соработка се настојува компаниите членки да имаат подобар пристап до можности за развој, професионално вмрежување и достоинствено претставување на локално и меѓународно ниво.

**Бујар Дулови, Претседател на Еснафот на Чаршијата**



### *Нашата соработка има позитивно влијание врз економскиот развој*

Соработката меѓу Државниот завод за статистика и Стопанската комора на Северо-Западна Македонија е долгорочна и формализирана со Меморандум за соработка од 2015 година. Целта е создавање платформа за размена на податоци и информации што ќе им овозможи на компаниите носење одлуки базирани на релевантни информации, како и подобрување на условите за бизнис, креирање нови деловни можности и промоција на економскиот раст во државата. Воспоставената соработката помеѓу Заводот за статистика и Комората има позитивно влијание за создавањето поефикасен и транспарентен бизнис-амбиент како основа за економски напредок и одржлив раст.

**Дејан Станков, Директор на Државниот завод за статистика**



### *СКСЗМ и новинарството: Столбови на транспарентноста и економскиот развој*

Поврзаноста меѓу Стопанската комора на Северо-Западна Македонија (СКСЗМ) и новинарството е од суштинско значење за развојот на информирана економска средина. Новинарството има клучна улога во промоцијата на активностите на Комората, во прикажувањето на предизвиците и успесите на бизнис-заедницата, како и во пренесувањето на економските политики до пошироката јавност. Преку структуриран и професионален комуникациски пристап, се создава поврзувачки мост меѓу бизнисите, институциите и општеството, придонесувајќи за зголемена транспарентност, отчетност и инклузивен економски развој.

Соработката на Стопанската комора со мојата новинарска работа се огледа во улогата што ја имав во информирањето, промовирањето и анализирањето на економските случувања во земјата. Преку извештаи, интервјуа со претставници на бизнисите и покривање на активностите на Комората, придонесов за јакнење и продлабочување на врската меѓу приватниот сектор и јавноста. Мојата работа послужи како комуникациски мост меѓу бизнисите, креаторите на политики и општеството, поттикнувајќи професионална дискусија и одржлив економски развој. Ангажманот на Стопанската комора во уметноста и културата е добар пример за тоа како економскиот сектор може позитивно да влијае и врз други области од општествениот живот. Оваа поврзаност создава избалансиран екосистем во кој економскиот и културниот развој се одвиваат паралелно. Во крајна линија, општество кое инвестира во културата гради посилен идентитет и генерира креативност, што може позитивно да влијае и врз иновациите и економскиот развој.

**м-р Делвина Керлуку, ALMAKOS**



*СКСЗМ – клучен фактор во зајакнувањето на бизнисот*

UNIQA АД Скопје, дел од SIGAL Insurance Group, со чест и задоволство ја честита 20-годишнината од основањето на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија и нејзиниот извонреден придонес во одржливиот економски развој на нашата земја.

Во текот на овие две децении, Стопанската комора беше клучен фактор во создавањето и зајакнувањето на стабилна и транспарентна бизнис-средина, придонесувајќи за унапредување на соработката меѓу приватниот сектор и јавните институции. Длабоко ја цениме нејзината улога како силен глас на бизнис-заедницата во Северо-Западна Македонија и нејзиниот вреден придонес во регионалниот и националниот економски развој.

Нашето партнерство со СКСЗМ се темели на доверба и заедничка посветеност кон поттикнување на економскиот развој и подобрување на деловната клима. Нашата континуирана поддршка за иницијативите и активностите на Комората е доказ за нашата определба да придонесеме во создавање нови можности за развој и просперитет.

По повод овој значаен јубилеј, изразуваме длабока благодарност за неуморната работа на сите што биле дел од ова патување и ѝ посакуваме на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија да ја продолжи својата мисија со истиот ентузијазам и стратешка визија.

Уверени сме дека нашата соработка ќе продолжи да се зајакнува и да носи конкретни резултати за бизнис-заедницата и одржливиот развој на регионот. На Комората ѝ посакуваме континуирани успеси во остварувањето на нејзините цели и понатамошен напредок на секој чекор.

**Дритон Азизи, Генерален директор на UNIQA Северна Македонија, дел од SIGAL Insurance Group**



*Ви благодариме за професионалноста и соработката*

Со години, СКСЗМ претставува сигурен извор за нас како медиум во областа на економијата. Вашата работа ни овозможи пристап до суштински информации и релевантни анализи, помагајќи ни подобро да ги разбереме економските случувања. Ви благодариме за професионалноста и коректната соработка, со што придонесувате за поинформирана и поквалитетна медиумска средина.

На овој јубилеен ден, ние како медиум го цениме придонесот на СКСЗМ и се надеваме дека вашата работа ќе продолжи со истото темпо и во годините што следуваат.

Среќна 20-годишнина, СКСЗМ!

**Елида Зилбеари, PORTALB**



*Отворениот дијалог и партнерскиот пристап носат видливи резултати*

Во чест на 20 години од постоењето на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, упатувам искрени честитки за Вашата доследна посветеност на економскиот развој.

Нашата соработка, преку Советот за даночна усогласеност и директната комуникација со раководството и компаниите-членки на Комората, покажа дека отворениот дијалог и партнерскиот пристап носат видливи резултати. Заедно, градиме силна економија, стабилен даночен систем и амбиент кој ја поддржува одржливоста на домашните компании.

**Елена Петрова, Директор на Управа за јавни приходи**



*Високо ја цениме посветеноста на СКСЗМ*

Во име на ТВ Шења и ТВ ЕРА, изразуваме благодарност за плодната соработка со Стопанската комора на Северо-Западна Македонија во текот на овие 20 години. Нашата долгогодишна соработка е доказ за одржливо и визионерско партнерство во функција на економскиот развој и бизнис-заедницата. Високо ја цениме посветеноста на СКСЗМ и уверени сме дека нејзините успеси ќе продолжат и во децениите што следуваат. Честитки за овој значаен јубилеј!

**Емад Мехмети, Директор на информативна програма на ТВ Шења и ТВ ЕРА**



*20-годишнината на СКСЗМ кажува многу!*

За годишнината на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија можат да се кажат само големи зборови, па со голема почит пристапуваме кон соработката меѓу оваа институција и нас како Медиумска Информативна Агенција.

СКСЗМ секогаш знаела да ја одржува жива оваа комуникација меѓу нас и ние сме благодарни за тоа. Две децении не се малку за да се заокружи една толку благородна и значајна мисија со вакви успеси и достигнувања, какви што има оваа економска организација, која со ентузиазам и посветена работа се справува со развојните предизвици во земјата.

Овој мост на соработка ќе продолжи да живее и во иднина, а нашата медиумска куќа ќе биде отворен прозорец за нејзините активности и понатаму. СКСЗМ секогаш го има своето заслужено место во промоцијата и зајакнувањето на албанскиот бизнис во земјата, регионот и пошироко.

Оваа соработка ја чуваме длабоко архивирана во нашите текстови, интервјуа и сè што е поврзано со оваа значајна економска институција.

20-годишнината од СКСЗМ зборува многу и им посакуваме на нејзините вработени уште многу јубилеи и многу успеси во нивната работа.

**Фами Бајрами, Одговорен уредник, Медиумска информативна агенција MIA**



## *Срцето ми се полни со гордост за успехот на СКСЗМ*

Со душевно задоволство се навраќам на оваа дваесетгодишнина од успехот на СКСЗМ. Срцето ми се полни со гордост кога се сеќавам на иницијативата и патувањето на храбрите поддржувачи од тоа време, кои покренаа иницијатива за создавање економска асоцијација за иднината на Албанците во Северна Македонија.

Личниот ентузијазам на тогашните бизнисмени од сите краишта на Северо-Западна Македонија од Куманово, Скопје, Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и Струга беше огромен. И покрај доцните вечерни часови, многупати се собиравме во Тетово со добра волја и позитивна енергија, за една витална цел за нашето општество и заедница.

И кога денес ги гледам достигнувањата и тежината што ја има СКСЗМ во бизнисот и државата, се чувствувам горд што бев сопатник со другите од тоа време за да стигнеме до овој фактор што е денес.

**Д-р. Фатос Белчишта, РОФАРМ**



## *Ја цениме поддршката на СКСЗМ за косовските компании*

Амбасадата на Република Косово во Скопје ја цени континуираната соработка со Стопанската комора на Северо-Западна Македонија. Особено го цениме ангажманот на Комората во поддршката на компаниите од Косово, кои во голема мера ја имаат СКСЗМ како главна адреса. Како институции, ние сме силно ангажирани во олеснувањето на прекуграничната мобилност на луѓе и стоки, што има директно влијание врз меѓусебните инвестиции. Плодовите од овие олеснувања особено се чувствуваат во последниот период. Ѝ посакуваме понатамошни успеси на СКСЗМ.

**Флориан Ќехаја, Амбасадор на Република Косово во Република Северна Македонија**



## *Чест ми е што соработувам со СКСЗМ*

Во текот на овие 20 години од функционирањето на СКСЗМ, имав чест речиси една деценија тесно да соработувам со раководството и нејзините членки. Она што секогаш ми оставало впечаток е критичкиот глас што Комората го одржуваше секогаш кога беше потребно, во заштита на албанскиот бизнис и во интерес на јавноста.

Конзистентноста во ставовите, без разлика кој бил на власт, ја издвојува оваа Комора во институционалното опкружување. Таа знаела да се издигне и над интересите на бизнисот, само за да го заштити достоинството на работниците. Секогаш била отворена да ги сподели своите ставови преку медиумот каде што работам, преку интервјуа, изјави или јавни дебати.

**Газменд Куртиши, новинар во МРТ2**



*Критичкиот и достоинствен глас на албанскиот бизнис*

Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, комора на мажи и жени кои со години на своите рамена го носат опстанокот на илјадници семејства, и покрај бројните предизвици. Како институција на сите граѓани и на бизнисите, Комората ги штити општествените интереси на Албанците, борејќи се за достоинствената позиција на работникот, против дискриминацијата на бизнисите од страна на власта, ветувајќи еднаква средина за младите во бизнисот, а пред сè, во рамките на оваа Комора секогаш постоела и хуманитарната вредност.

Од лично искуство сфатив дека СКСЗМ е критичкиот глас на општеството и во себе ја носи одговорноста за сите оние чиј опстанок зависи од насоката во која се движи оваа институција. Таа ги отфрли сите предрасуди кон дамите и господата кои поседуваат успешни бизниси. Лично сметам дека ниту една јавна или приватна економска институција во земјата не била повеќе соработлива со медиумите од СКСЗМ.

**Газменд Реџепи, новинар во МРТ2**



*Обединувањето дава сила и отвора пат за жените претприемачи*

Како редовна членка од основањето на Комората, во 2014–2015 година, по моја иницијатива и со поддршка на тогашниот претседател г. Неби Хоџа, беше формирано Групација на жени претприемачи. Заедно со жени ангажирани на раководни позиции во бизнисот, ја создадовме оваа групација, каде што бев избрана за претседателка, а во Управниот одбор на СКСЗМ беа вклучени три претприемачки. Од тогаш, здружението функционира успешно, раководено од нови генерации деловни жени. Во пресрет на 20-годишнината на СКСЗМ, им посакувам успеси на сите членки и ги охрабрувам младите претприемачи да се приклучат, затоа што единството создава сила.

**Гезиме Фејзи, Прва претседателка на Групацијата на жени претприемачи при СКСЗМ**



*Ја славиме непоколебливата посветеност на СКСЗМ кон развојот на земјата*

На оваа 20-годишнина ја славиме непоколебливата посветеност на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија кон економскиот развој на земјата. Како стабилен партнер на бизнисите, поттикнувајќи иновации и просперитет, таа две децении ги поддржува претприемачите, го поттикнува напредокот и ја зајакнува нашата заедница на бизнисмени. Како консалтинг партнер на Комората, СЕГ Холдинг посакува и следната етапа да донесе уште поголеми заеднички успеси, посветеност, раст и влијание. Им оддаваме почит на визионерите, членките и лидерите на Комората што го трасираа овој пат – и со единство и доверба заедно чекориме кон иднината.

**Глигор Михаиловски, MBA – Извршен директор на СЕГ ХОЛДИНГ**



*Вие сте деловна заедница која знае како да се соочи со предизвици*

Почитувани членки на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија,

Веќе 20 години не сте само економски сојуз на успешни стопанственици, туку посветени инвеститори, иноватори и вработувачи, застапници на отворен и конкурентен пазар, носители на етичка и корпоративна одговорност, промотори на високи работни стандарди, непријатели на монополи, корупција и сива економија, предлагачи на бројни регионални иницијативи.

Не случајно успеавте да се справите со глобалната економска и финансиска криза и да го преживеете ковид-19!

Со Вашата стручност и компетентност, станавте синоним за еснаф, способен да одговори на современите општествени предизвици.

Вие сте нашите почитувани економски амбасадори.

Среќно!

**Гордана Сиљановска Давкова, Претседателка на РСМ**



*За побезбедна иднина за идните генерации*

Уште од првите чекори на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, бев убеден дека без заеднички глас на албанскиот бизнис, нашиот економски развој би останал нецелосен. Како еден од основачите, придонесував со уверување и посветеност СКСЗМ да биде поврзувачки мост меѓу нашите бизниси и државните институции, како и силен промотор на приватната иницијатива. Овој ангажман беше не само професионален, туку и морален – за да изградиме посигурна иднина за идните генерациии.

**Проф. д-р Хамит Алиу**



*Со нетрпение очекуваме да ја продлабочиме соработката*

Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, како клучна деловна организација, даде значаен придонес за своите членки и за економијата на земјата. По повод нејзината 20-годишнина, Канцеларија за економска и трговска соработка при Амбасадата на Народна Република Кина во Северна Македонија упатува најсрдечни честитки до СКСЗМ. Со нетрпение очекуваме да ги продолжиме нашите заеднички напори за продлабочување на заемно корисната соработка и за придонес кон одржливиот просперитет на двете наши земји.

**г. Хе Бингхуа, Економски и трговски советник во Амбасадата на Народна Република Кина во Северна Македонија**



*Да го продолжиме нашето патување заедно*

*Драги пријатели на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија,*

UНашите најсрдечни честитки по повод вашата 20-годишнина!

Како многу понова билатерална комора, благодарни сме за добредојдето и поддршката што ни ја дадовте во почетоците на нашата работа. Ја цениме вашата подготвеност за соработка, особено во рамките на предизвикот со човечкиот капитал, за изградба на квалификувана работна сила.

Со нетрпение очекуваме да го продолжиме нашето заедничко патување кон заедничка економска и одржлива иднина за нашата земја!

**Хилде де Саеделеир, Претседателка на Македонско-Белгиската Стопанска комора**



*Колку државата е поразвиена,*
*толку нашиот бизнис е посилен и повеќе ценет*

Драги пријатели, членки на Комората на Северо-Западна Македонија,

Користам оваа прилика од името на Владата и на името на политичката партија на која што сум претседател, ВМРО-ДПМНЕ да честитам роденден, 20 години постоење на Комората на Северо Западна Македонија, да посакам уште многу успешни јубилеи во иднина, да посакам уште многу успешни бизнис зделки, да посакам сето она која што вие го имате амбиција како бизнисмени да го реализирате, затоа што ова е наша заедничка татковина.

Во оваа татковина, стопанските комори, во која што нераскинлив дел е комората на Северо-Западна Македонија и владата како партнери, треба да работат за развој на државата, бидејќи колку државата е поразвиена толку државата е побогата, толку и вашиот бизнис е подобар, поскап и повеќе ценет надвор од границите на нашата Македонија.

Уште еднашка дозволете ми да ви го честитам јубилејот 20 години постоење на Комората на Северо-Западна Македонија и уште еднаш дозволете ми да ви посакам уште многу успешни бизнис зделки, уште многу успешни бизнис потврди во годините кои што следат.

**Проф. Д-р. Христијан Мицкоски,**
**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**



*СКСЗМ, 20 години патување:*
*Од визионерска идеја до столб на албанскиот економски развој*

Пред две децении беа поставени темелите на институција која денес е гордост на албанската економија во Северна Македонија. Стопанската комора на Северо-Западна Македонија не е само организација, туку приказна за успех, единство и визија. Таа ги бранеше интересите на бизнисите, ги зајакнуваше претприемачите и градеше мостови на соработка во земјата и надвор од неа.

Со СКСЗМ соработувам уште од почетокот на мојата политичка кариера, како градоначалник, потоа како пратеник, а денес како прв заменик-претседател на Владата и министер за животна средина. Ако треба да ја опишам оваа соработка со една реченица – секогаш сум го поддржувал зајакнувањето на приватниот сектор и интеграцијата на албанските бизниси во државниот и регионалниот економски систем.

Во 20-тиот јубилеј, СКСЗМ не ја одбележува само славната историја, туку и похрабра иднина.

**Изет Меџити, Прв вицепремиер и министер за животна средина**



*Две децении соработка за доближување на студентите до пазарот на труд*

Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, во своите 20 години делување, разви силно партнерство со универзитетите во регионот, директно влијаејќи врз приближувањето на образованието до пазарот на труд. Преку заеднички проекти, форуми и тркалезни маси, Комората оствари одлична соработка со универзитетите во земјата, помагајќи во усогласување на студиските програми со реалните барања на пазарот и во зајакнување на улогата на студентите преку практикантство, стажирање и менторство од бизнисите.

Оваа соработка придонесе за развој на човечкиот капитал, создавање можности за квалитетно вработување и намалување на младинската емиграција. Воедно, помогна во градење одржлив институционален дијалог меѓу образованието и приватниот сектор. Комората останува поврзувачки мост меѓу универзитетите и бизнисот, насочувајќи го економскиот развој кон иновации и одржливост.

**Проф. д-р Изет Зекири**



*Во вашата Комора се чувствував навистина добредојден*

*Драги пријатели на СКСЗМ,*

Странците во Северна Македонија секогаш се чувствуваат повеќе или помалку прифатени. Вашата Комора и компаниите членки направија да се чувствувам навистина добредојдено! Заедно успеавме да реализираме успешни проекти.

Ви посакувам сè најдобро во годините што доаѓаат и ќе продолжам да поддржувам стабилна економска иднина за нашата земја, како и за нашата заедничка Европа.

Среќен јубилеј и ви посакувам светла иднина!

**Јоханес Хајдекер, поранешен економски советник на Владата на Северна Македонија**



## *Две децении исполнети со инспирација, соработка и успеси*

Имам особено задоволство да ѝ го честитам 20-годишнината од основањето на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија (СКСЗМ). Ова се две децении исполнети со инспирација, соработка и успеси.

СКСЗМ е многу важна институција која ги претставува интересите на бизнисите, се залага за економски развој, нуди професионална поддршка, ги промовира инвестициите и презема значајни иницијативи за заедницата.

Континуираната соработка меѓу Универзитетот во Тетово, како една од најзначајните високообразовни институции во Северна Македонија, и Стопанската комора на Северо-Западна Македонија (СКСЗМ), претставува важен чекор во зајакнувањето на врските меѓу високото образование и бизнис-секторот.

Оваа соработка помага во усогласување на образованието со потребите на пазарот, поттикнување на иновациите и претприемништвото, зголемување на можностите за вработување на дипломираните студенти на Универзитетот во Тетово, како и во регионалниот економски развој.

Оваа соработка ќе продолжи и во иднина, сè додека предизвиците на пазарот на труд брзо се менуваат. Оваа динамика бара уште потесни врски меѓу образованието и бизнисот. Ваквите партнерства се клучот за градење посигурна и поуспешна иднина за сите.

Посакувам СКСЗМ да одбележи уште многу јубилеи и успешно да ја реализира мисијата што си ја поставила.

**Проф. д-р Јусуф Зејнели, Ректор на Универзитетот во Тетово**



## *Амбасадата на Јапонија високо го цени нашето партнерство*

Како амбасадорка на Јапонија во Северна Македонија, сакам да ги изразам моите најискрени честитки до Стопанската комора на Северо-Западна Македонија по повод нејзината 20-годишнина. Комората игра суштинска улога во обликувањето на економскиот пејзаж на земјата, а Амбасадата на Јапонија високо го цени нашето партнерство. Искрено се надевам дека во годините што следат ќе можеме уште повеќе да ја зајакнеме нашата билатерална економска соработка преку ова партнерство.

**Кавахара Сетсуко, Амбасадорка на Јапонија во Северна Македонија**



*Го цениме вашето учество во развојните процеси*

20 години опстојување и достојно претставување на бизнис заедницата е јубилеј за почит! Честитајќи Ви го јубилејот дозволете да ги пренесеме нашите импресии од нашата заедничка соработка.

Имено, Стопанската комора на Северо-Западна Македонија (СКСЗМ) е важен фактор во развојот на економијата во северозападниот регион при што игра клучна улога во поддршката на локалните бизниси и унапредување на соработката помеѓу компаниите.

А, секој нов локален бизнис, секоја нова компанија значи нова инвестиција и можност за нови вработувања и нов развој, не само на локален план, туку и на регионален. Онаму, пак, каде што се гради потребни се и нови патишта или развој и осовременување на веќе постоечките.

Во моментов ние како претставник на Владата на РСМ и како Јавно претпријатие за државни патишта токму тоа и го правиме во северозападниот регион преку изградбата на Коридорот 8, односно преку изградбата на новите автопатишта од Тетово до Гостивар, од Гостивар до Букојчани и од Букојчани до Кичево. Очекуваме од Ваша страна вклучување во овие процеси бидејќи изведувачот на работите постојано ги повикува домашните компании да земат активно учество во овој голем проект кој ќе донесе повеќеслојна бенефит не само за северозападниот регион туку и за целата држава!

Честит јубилеј!

**Коце Трајановски,**
**в.д. Директор на Јавно претпријатие за државни патишта**



*Имам целосна доверба дека успехот на СКСЗМ ќе продолжи*

Во текот на годините реализиравме бројни проекти со Стопанската комора на Северо-Западна Македонија. Ние сме клучен партнер на Бизнис форумот, а исто така ги поддржавме и инвестициите во Косово. Имам целосна доверба дека нивниот успех ќе продолжи и во следните 20 години и дека ќе продолжат да служат како мост на поврзување меѓу нашите две земји.

**Левент Буш, Претседател на Форумот на Призрен**



## *Изградивте кредибилна и активна институција*

*Почитуван Претседателе,*

Вашето непоколебливо лидерство на чело на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија имаше длабоко влијание во зајакнувањето на бизнис-заедницата, не само во Северна Македонија, туку и во целиот регион. Со вашата посветеност и визија, изградивте доверлива и активна институција, која му дава глас на албанското претприемништво и отвора пат за прекугранична соработка.

Како претседател на Стопанската комора на Косово и воедно претседател на Одборот на Инвестицискиот форум на коморите од Западен Балкан, секогаш ми оставала впечаток начинот на кој ја водите Комората со интегритет, мудрост и чувство на одговорност кон бизнисот, општеството и економијата.

Вашиот континуиран соработувачки пристап помогна во продлабочувањето на нашите врски и во градењето регионален дух на економско разбирање.

Почитта што ја уживате меѓу бизнисите, партнерите и институциите е резултат на вашата континуирана работа, посветеност и способност да им дадете форма на големите визии.

Ви посакувам овој пат на успех да продолжи со ист интензитет и влијание.

**Лулзим Рафуна, Претседател на Стопанската Комора на Косово**



## *Беше задоволство да чекориме заедно по овој пат на раст и влијание*

Во име на Меѓународниот балкански универзитет, ви ги упатуваме нашите најискрени честитки до Стопанската комора на Северо-Западна Македонија по повод овој исклучителен јубилеј – 20 години од основањето.

Нашата соработка секогаш беше водена од заеднички вредности и силна верба во моќта на партнерството. Беше задоволство да чекориме заедно по овој пат на раст и влијание.

Остануваме посветени да ја продолжиме оваа плодна соработка и во годините што доаѓаат.

**Проф. д-р Лутфи Сунар, Ректор на Меѓународниот балкански универзитет – Скопје**



*Да ја направиме Македонија дом за сите нови генерации што доаѓаат*

Без енергетика - нема економија, но без стопанство - нема развој. Со комората сложни сме дека прогресот е цел, а не инцидент. И токму ова начело на дејствување ја доведе државата да биде препознаена како лидер во спроведување на енергетската транзиција. Елдорадото на реализација на фотонапонски централи го донесе токму домашниот бизнис, кои го препознаа сигналот од РКЕ и ја прифатија шансата, а со тоа ја презедоа и одговорноста. Македонија ја намали увозната зависност драстично, а ја зајакна енергетската независност – и тоа е прогресот кои обострано сакавме да го постигнеме како заедничка цел. Од енергетската криза излеговме победници!

Убеден сум дека двете институции ќе продолжат преку храбри одлуки да ги постигнат европските таргети – и со тоа ќе се стандардизира новиот наратив на патриотизам - Македонија да ја направиме дома за сите идни млади генерации.

Од име на институцијата, но и од лично име Ви го честитам јубилејот 20 години од основањето на Стопанската Комора на Северо – Западна Македонија.

За прогресот на нашата држава во изминатите две децении но и во следните 220 години!

**Марко Бислимоски, Претседател на Регулаторната комисија за енергетика**



*Работата на СКСЗМ нека продолжи уште многу години*

*Почитуван претседател на СКСЗМ г-дин Ќура, почитувани соработници, членки и високо почитуван тим,*

Честит 20-годишен јубилеј на СКСЗМ! Бидејќи имав привилегија да бидам член на СКСЗМ уште од самите почетоци, сакам да го истакнам придонесот на г-дин Џемаил Даути, г-дин Мендерес Кучи, г-дин Неби Хоџа и на сите останати. Во текот на моите 8 години како претседател на Сеалбанскиот економски форум имав чест тесно да соработувам со СКСЗМ и со нејзиниот исклучително кооперативен тим. Му благодарам на претседателот Хоџа и на актуелниот претседател Ќура за поддршката во секој аспект на Форумот. Посакувам работата на СКСЗМ да продолжи уште многу години.

**Нагиб Фејзи, Претседател на Сеалбанскиот економски форум**



*Со гордост се сеќавам на првата посета на делегацијата на СКСЗМ во САД*

По повод 20-годишнината на СКСЗМ, со гордост се сеќавам на првата посета на делегацијата во САД во септември 2005 година, организирана на моја иницијатива тогаш како дописник на „Гласот на Америка“, во соработка со NACC во Вашингтон. Оваа историска посета вклучи значајни средби во Стејт департментот, УСАИД, Министерството за финансии, Bank Street Group LLC, како и со претставници на Конгресот и на албанската и американската бизнис-заедница. Тоа беше голем прв чекор во меѓународната промоција на Комората – момент што останува гордост и незаборавен спомен.

**Насер Пајазити, Директор на ИНА – Iliria News Agency**



*Да го одржиме жив духот на единство и меѓусебен развој*

По повод 20-годишнината од основањето на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, Трговско и Индустриската Комора-Тирана Ви ги упатува најсрдечните честитки за овој значаен јубилеј.

Придонесот на Комората и на нејзиниот раководен тим претставува инспиративен модел не само за албанските претприемачи во овие краишта, туку и за целокупното претприемништво во Република Северна Македонија, поттикнувајќи економски развој, поддршка на претприемништвото и зајакнување на економската соработка меѓу земјите од регионот на Западен Балкан.

СКСЗМ е јасен доказ за силата на соработката и во рамките на Сеалбанскиот економски форум. Само заедно можеме да изградиме поинтегриран, поконкурентен економски простор способен да привлече одржливи инвестиции.

Да го одржиме жив духот на единство и заемниот развој – бидејќи успехот на секој поединец е сила и гордост за сите.

Честитки за постигнувањата и уште многу успеси во работата на институцијата што ја раководите!

**Николин Јака, Претседател на Трговско и Индустриска Комора Тирана**

## *Комората покажа лидерство, визија и непоколеблива посветеност во застапувањето на бизнисот*

Во текот на двете децении од своето делување, Стопанската комора на Северо-Западна Македонија покажа лидерство, визија и непоколеблива посветеност во застапувањето на интересите на бизнис-заедницата, особено на албанскиот бизнис-сектор. Во овие години СКСЗМ изгради одржлива соработка со Телевизија на Македонија – програмата на албански јазик, како една од најзначајните медиумски институции во земјата. Јавниот сервис јавно ѝ се заблагодарува на СКСЗМ за коректната соработка во текот на овие години, при што Комората секогаш беше присутна во нашата програма преку изјави, анализи, интервјуа и гостувања во студио. Ова партнерство засновано на доверба, транспарентност и посветеност кон објективното информирање било и останува важен столб што ќе продолжиме да го унапредуваме и во иднина.

**Редакцијата на МРТ2 – Програма на албански јазик**



## *Комората ги охрабрува членките да ги следат глобалните трендови*

Стопанската Комора на Северо-Западна Македонијата претставува една од најзначајните институции и двигатели на економските процеси. Преку иницијативите и проектите кои комората ги спроведува, ги поттикнува членките и компаниите да направат промени и да ги следат светските трендови. Активностите го промовираат бизнисот и претприемништвото што придонесува за општ развој на целата економија. Проектот ТОП100 компании, за кој што нашата агенција Инсајдер ИД долгорочно соработува со комората, го поттикнува натпреварот и желбата на компаниите да бидат подобри и поуспешни во иднина.

Во името на целиот тим на Инсајдер ИД го честитам 20 годишниот јубилеј на Стопанска комора на Северо-Западна Македонија и посакувам уште многу години успешна работа, проекти и да биде двигател на економијата.

**Сергеј Зафироски, Managing partner “Insider ID & Simulacrum”**



*Нека вашата посветеност продолжи да биде столб на економското јакнење*

По повод 20-годишнината од основањето на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, ја изразуваме нашата длабока благодарност за плодната соработка низ годините. СКСЗМ покажа дека економскиот развој може да се движи паралелно со вредностите, етиката и одговорноста кон општеството, затоа го изразуваме нашето високо признание за нејзината непоколеблива улога во јакнењето на домашното претприемништво и за коректната меѓуинституционална соработка.

Честитки за овој значаен јубилеј. Посакуваме Вашиот ангажман да продолжи да биде столб на економското и општественото јакнење на сите наши граѓани, останувајќи извор на инспирација и развој за одржливата иднина на нашата земја.

**Х. Хфз. Шакир еф. Фетаи, Реисул-Улема на Исламска Верска Заедница на РСМ**



*Заедно создаваме модел што ги поврзува студентите со бизнисот*

Соработката со Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија претставува клучен елемент во развојот на дуалното образование. Заедно, создаваме модел кој ги поврзува студентите со реалниот бизнис сектор уште за време на студиите. Веруваме дека ваквите партнерства се темел за креирање на кадар подготвен за предизвиците на современиот пазар.

**проф. д-р Синиша Наумоски, Генерален менаџер на ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ во Скопје**



*Мост за економска соработка меѓу Косово и Северна Македонија*

Во име на Трговската и индустриска комора на Косово, Ви го честитам 20-годишниот јубилеј од основањето – годишнина што ја одразува Вашата посветеност кон економскиот развој и пошироко. Нашата долгорочна соработка помогна во конкретно поврзување на бизнисите од Косово и Северна Македонија, носејќи одржливи партнерства, меѓусебни инвестиции и заеднички проекти. Затоа, посакувам ова партнерство да се зајакнува и понатаму, во функција на регионалниот развој и економската интеграција.

**Со почит,**
**Скендер Красниќи, Претседател на Трговската и Индустриска комора на Косово**



*Понатамошни успеси во Вашата мисија*

Јубилеите се прилика да се препознае вредноста на истрајната и визионерска работа. Комората на Северо-Западна Македонија изгради значајна улога во поттикнувањето на претприемаштвото, застапувањето на интересите на бизнисот и на јакнењето на економскиот дијалог. Како институција што го поддржува стабилниот и сеопфатен економски развој, Народната банка го препознава значењето на ваквите партнери. Ви посакуваме натамошен успех на мисијата во интерес на развојот и напредокот на нашето стопанство

**Со почит,**
**Трајко Славевски, Гувернер на Народна банка на Република Северна Македонија**



*Партнерството со СКСЗМ ни помогна во поврзувањето на образованието со праксата*

Мојата соработка со СКСЗМ резултираше со организирање вредни обуки за претприемачите, размена на идеи за развојни политики и заеднички напори за унапредување на дуалното образование во нашите училишта и универзитети. Ова партнерство помогна во поврзувањето на образованието со бизнис-прасата и придонесе за јакнење на менаџерските капацитети, како и за економскиот и образовниот развој на земјата. По повод успешниот 20-годишен јубилеј на СКСЗМ, длабоко ја ценам оваа одржлива и плодна соработка, како и непоколебливата посветеност на Комората кон економскиот и професионалниот развој.

**Проф. д-р Веланд Рамадани, Универзитет на Југоисточна Европа**



*Чест ми е што Албанците имаат толку силна институција во Македонија*

СКСЗМ беше извор на информации, проверка на вести, но и најголем поддржувач на работата на „Телеграфи“ во Македонија. Дурим и Дриљон беа отворената врата за соработка, преку која заеднички покренавме иницијативи за поддршка, промоција и информирање на компаниите членки пред нашите читатели. Чест ми е што Албанците имаат толку силна институција во Македонија, а компаниите имаат цврста поддршка пред институциите.

**Венхар Рамадани, директор на „Telegrafi Maqedoni”**



### *СКСЗМ - моќен глас не само во економска смисла*

Придонесот што го дала и го дава Стопанската комора на Северо-Западна Македонија не е само во нејзината мисија да ги организира бизнисите, туку – уште повеќе – преку тоа се поттикна и инспирира организирањето на бизнисите во форма на комора која денес претставува силен глас, не само во економијата.

Затоа овој 20-годишен јубилеј не е само годишнина на една Стопанска комора, туку и одбележување на две децении во кои овие бизниси покажаа дека знаат да го организираат приватниот сектор во интерес на развојот и унапредувањето на општеството.

**Зеќирија Ибрахими, Претседател на партијата Алтернатива**



### *Комората стана важен двигател на економскиот развој*

Од име на Министерството за култура и туризам, упатувам искрени честитки по повод 20-годишнината од основањето на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија.

Во изминатите две децении, Комората прерасна во значаен двигател на економскиот развој и партнер кој создава вредност. Наша чест е што сме дел од ова патување, градејќи заедно мостови на соработка, доверба и заеднички успеси.

Ви честитаме за визијата, упорноста и резултатите.

Продолжете да бидете силен глас на бизнисот!

**Зоран Љутков, Министер за култура и туризам**

OEMVP

OEMVP

# ПРИЗНАНИЈА




2006 – Признание за соработка од Стопанската Комора на Косово.



НСПК
НАЦИОНАЛЕН
СОВЕТ ЗА
ПРЕТПРИЕМНИШТВО И
КОНКУРЕНТНОСТ

Националниот совет за претприемништво и конкурентност доделува

ПЛАКЕТА

За активно членство
на

ЏЕМАИЛ ДАУТИ
Стопанска комора на Северо Западна Македонија

Претседател на Собрание на НСПК,
Мирјана Апостолова

Претседател на УО на НСПК
Минчо Јорданов

Скопје, 17.05.2006

17.05.2006 – Плакета за активно членство за Џемаил Даути од Националниот совет за претприемништво и конкурентност.






Септември 2007 – Buyuk Saat Kulesi Подарок за СКСЗМ од Стопанската комора на Адана – Турција.




2008 – Признание за придонес на Натпреварот за бизнис план на Македонија 2008 од Junior Achievement Macedonia.




14.04.2010 – Повелба за успешна соработка и активно учество во работата на Советодавното тело, за зајакнување на воспоставеното партнерство помеѓу Царината и бизнис заедницата, во насока на олеснување на трговијата и транспортот од Царинската управа на РСМ.




Декември 2011 – Благодарница за соработка со Црвениот крст на Република Македонија во 2011 година, и за дадената поддршка во спроведувањето на програмите во корист на општеството, наменети за подобрување на квалитетот на живот на населението во заедниците од Црвениот крст на Македонија.




18–21.10.2012 – Признание за поддршка на Глобалниот самит за инвестиции во Македонија од Macedonia Global Investment Summit.







07.12.2012 – Подарок за време на настанот ТОП 100 за 100-годишнината од независноста на Албанија од Косовската Бизнис Алијанса







04.05.2012 – Плакета за успешна деловна соработка од Централниот регистар на РСМ.




08.04.2013 – Благодарница за Претседателот Мендерес Кучи, за неговата соработка и придонес во афирмацијата на Општина Бујановац, во паналбанските економски простори од Општина Бујановац.




23.12.2015 – Признание за СКСЗМ, за дадениот придонес за време на поплавите од Локалната заедница Шипковица.







Ноември 2014 – Признание од Еснаф Призрен.




19.02.2016 – Признание за помошта и придонесот даден во реализацијата на проектите на фондацијата Даути од Фондацијата Даути.




29.12.2016 – Благодарница по повод 25-годишнината од основањето на ХО „El Hilal“, за континуираниот придонес во областа на хуманоста и солидарноста од Хуманитарната организација „El Hilal“.




Септември 2017 – Признание за соработка во областа на туризмот за 2017 година, во категоријата Комора, по повод Светскиот ден на туризмот од Министерството за економија.




06.12.2017 – Признание и благодарност за помошта и придонесот даден во отстранувањето на последиците од поплавите во декември 2017 година во Албанија од Амбасадата на Република Албанија – Скопје.




14.11.2018 – Признание за г. Неби Хоџа од Business Forum Prizren.




6.2019 – Признание во спомен на посетата на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија од Nusaybin Ticaret ve Sanayi Odasi.






26.12.2019 – Сертификат за Благодарност за Неби Хоџа, во знак на благодарност и признание за хуманата подготвеност, како и за инспиративните дела на највисока граѓанска солидарност, по земјотресот од 26 ноември 2019 година, во Албанија, од Амбасадата на Република Албанија - Скопје.




29.11.2019 – Плакета по повод Денот на даночните работници – „Свети Матеј“ од Управата за јавни приходи на РСМ.




2019 – Подарок за Претседателот Неби Хоџа, за посебни заслуги во зајакнувањето на економските и трговските односи, Македонија-Албанија-Косово од Индустриската и Трговската комора на Тирана.




03.02.2020 – Признание за соработка за г. Неби Хоџа од Стопанската комора на Косово.




2022 – Подарок од Бранко Азески за Претседателот Менди Ќура од Стопанската комора на Северна Македонија.







14.04.2022 – Плакета за СКСЗМ, по повод јубилејот 30 години повеќегодишна соработка од Царинската управа.




22.02.2023 – Признание за дадената поддршка во реализацијата на проектите и програмите од Фондацијата Албиз.




2023 – Признание за придонес во туризмот по повод Светскиот ден на туризмот од Министерството за економија на РСМ.






05.07.2023 – Сертификат за доделување на грант од USAID.




12.2023 – Признание за придонесот и поддршката дадена во насока на консолидација на Универзитетот „Мајка Тереза" во новите простории во Скопје, при што институцијата беше помогната за време на реновирањето на кабинетите за наставниците и наставните простории од Универзитетот „Мајка Тереза".




3.2025 – Признание за г. Менди Ќура, за довербата и ценетата соработка од Индустриската и Трговската Комора на Косово


CAREER WEEK

Certificate of Appreciation

This certificate is proudly presented to

Mr. Mendi Qyra

for their remarkable contribution to the "Career Week 2024" organized by the International Balkan University in Skopje, North Macedonia.

April 22, 2024, Skopje

Prof. Dr. Lutfi Sunar
Skopje




22.04.2024 – Признание за истакнат придонес на настанот „Недела на кариера", организиран од Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје






27.09.2024 – Признание за дадената поддршка на здружението BASAM при организација на Форумот за инвестиции и трговија -Северна Македонија-Турција.





17.03.2025 – Јубилејна плакета за посебен придонес во остварувањето на целите и задачите на Црвениот крст на РСМ.







29.04.2025 – Сертификат за учество на „Отворен ден“ и „Саем за кариера“ на Универзитетот во Тетово од Универзитетот во Тетово.

OEMVP

# ФОТОГАЛЕРИА



Ноември, 2006 – Истанбул, Турција




23–26.11.2006 – 11-тиот саем на МУСИАД, Истанбул, Турција



Август, 2007 – Фатмир Етеми на годишното собрание на СКСЗМ




Август, 2007 – Годишно собрание на СКСЗМ



Октомври, 2007 – Конференција за извоз



Октомври, 2007 – Саем во Косово




2007



Ноември, 2007




2007 – Средба со амбасадорот на Албанија, Владимир Прела



Ноември, 2008 – Меморандум за соработка меѓу СКСЗМ и Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП)



Јуни, 2009 – Средба со градоначалниците на општините во Скопје




2011 – Прес-конференција




2011 – Седница на Управниот одбор на СКСЗМ




Мај, 2011 – Средби со политичките партии – Нова демократија




Мај, 2011 – Средби со политичките партии – СДСМ




Септември, 2011 – Тркалезна маса,
проект „Бизнис без граници“



Февруари, 2012 – Средба со Косовската алијанса на бизнисите – Недели на националниот бизнис




Април, 2012 – Недели на националниот бизнис, Економски форум



Април, 2012 – Саем "Промоција на домашни производи и странски инвестиции"




Јули, 2012 – Интервју на претседателот Мендерес Кучи



Септември, 2012 – Саем во Истанбул



Ноември, 2012 – Конференција за економски развој
на Полошкиот регион




Јануари, 2013 – Годишно собрание на СКСЗМ




Март, 2013 – Средба со кандидатите за градоначалници од ДУИ



2013 – Прес-конференција, Мендерес Кучи и Зоран Ставрески



2013 – Средба со политички партии



2014 – Заедничка седница на СКСЗМ и СКСМ



2014 – Формирање на групациите на СКСЗМ




Јуни, 2014 – Ливерпул, Англија – Global Economic Forum 2014



Октомври, 2014 – Групацијата на жени претприемачи го одбележа Меѓународниот ден на руралната жена



Јуни, 2015 - Седница на Управниот одбор



Октомври, 2015 – Делегација од Измир во СКСЗМ



Декември, 2015 – Работилница за стратегијата 2016–2019



16 март 2016



Април, 2016 – Караван на бизнисите, Скопје



Април, 2016 – Караван на бизнисите, Куманово



15.05.2016 – Средба со премиерот Еди Рама



Март, 2017 – Компании членки на СКСЗМ на 7-миот меѓународен саем за недвижности RealExpo



Април, 2017 – Почетоци на Сеалбанскиот економски форум




Мај, 2017 – Меморандум за соработка меѓу СКСЗМ и Бизнис-форумот на Призрен




Мај, 2017 – СКСЗМ предлага кандидат за заменик-претседател на Владата




Октомври, 2017 – Регионален самит „100“ во Скопје



Мај, 2018 – Средба со компаниите од Полошкиот регион




Јули, 2018 – Реакција за  Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам




Септември, 2018 – Средба „Придобивки од членството во НАТО за бизнисите“




Октомври, 2018 – Прес-конференција за предизвиците на бизнисот



Ноември, 2018 – Средба со ВМРО-ДПМНЕ



2019 – Работен ручек со премиерот




Април, 2019 – Годишно собрание на СКСЗМ



Јуни, 2019 – Делегација од Стопанска комора за трговија и индустрија Нусајбин, Турција




Јули, 2019 – Средба со претседателот на државата



Декември, 2019 – Новогодишна вечер



Декември, 2019 – Работилница за изработка на Годишниот план




Декември, 2019 – „Претприемач на годината"




Февруари, 2020 – Презентација на Платформата за економски развој на РСМ – ДУИ






Февруари, 2020 – Презентација на Платформата за економски развој на РСМ – СДСМ

Јули, 2020 – Седница на Управниот одбор на СКЗМ во услови на пандемија






Август, 2020 – Средба со Владата за надминување на кризата

Септември, 2020 – Средба со заменик-претседателот на Владата за економски прашања



Октомври, 2020 – Годишно собрание на СКСЗМ



Февруари, 2021 – Средба со секторот на угостителство




Јули, 2021 – Претседателот на СКСЗМ Неби Хоџа на „Prespa Forum Dialogue“




Јуни, 2021 – Годишно собрание на СКСЗМ




Септември, 2021 – Средба со бизнисменот Сахит Муја




Септември, 2021 – Локални избори 2021, СКСЗМ – Движење Беса



Декември, 2021 – Средба со Управниот одбор
на Стопанската комора на Косово



Март, 2022 – Работен ручек со премиерот




Мај, 2022 – Саем за кариера, УЈИЕ




Септември, 2022 – Skopje Economic Finance Forum – Неби Хоџа




Октомври, 2022 – Средба со компании од Косово во РСМ




Декември, 2022 – Објавување на Белата книга за добри филантропски и ООП практики.



Март, 2023 – Средба на Платформата за јавно-приватен дијалог




Април, 2023 – Годишно собрание на СКСЗМ



Јуни, 2023 – Состанок во Универзитетот „Мајка Тереза“



Септември, 2023 – Претседателот Ќура гостин на претседателот Пендаровски – Се возобнови Клубот на одговорни бизниси во РСМ



Октомври, 2023 – Обука за членовите на СКСЗМ за царински тарифи, царински постапки и потекло на стоки




Декември, 2024 – Прес-конференција на крајот на годината



Февруари, 2024 – Обука за енергетска ефикасност




Мај, 2024 – Дурим Зеќири панелист на Олимпијадата по економија




Август, 2024 – Компании членки од Струга на работна средба со Управата за јавни приходи




Јули, 2024 – СКСЗМ реализира средба со највисоките државни претставници




Септември, 2024 – Инфо-сесија за членките на СКСЗМ за пристап до финансии




Октомври, 2024 – Бизнис форум и промоција на второто издание на Белата книга




Мај, 2025 – Средба со студентите на УЈИЕ



Јуни, 2025 – Извршниот директор панелист на Младинскиот форум за економска демократија




Јули, 2025 – Средба со Косовската алијанса на бизнисите



Август, 2025 – Средба меѓу СКСЗМ и претседателот на Собранието, г. Африм Гаши



Октомври, 2025 – Локални избори 2025, средба со ВМРО-ДПМНЕ



Октомври, 2025 – Локални избори 2025, средба со Коалицијата „Вреди“



Декември, 2025 – 7-та седница на Управниот одбор



Декември, 2025 – СКСЗМ во посета на градоначалникот на Општина Струга, г. Менди Ќура



Извршната канцеларија на Традиционалната ифтарска софра за 2025 година

## ГРУПАЦИЈА НА ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ









Гостивар, 2016
















Март, 2023 – Конференција за 8-ми март

# ТРАДИЦИОНАЛНА ИФТАРСКА СОФРА



2012



2013



2014




2015



2016



2017



2018




2019



2022



2023



2024



2025

# ХРОНИКА
# НА ЕДНА ИСТОРИЈА
# ШТО ПРОДОЛЖУВА

Не е само времето тоа што сведочи за патувањето на една институција, туку вредноста што таа ја создала за оние што ги застапува и реалното влијание што го има врз тековите на едно општество. На мал и често запоставен пазар, како што е пазарот на Северна Македонија, постоењето на институција која две децении со храброст, доследност и професионалност ги претставува интересите на приватниот сектор не е само успех, тоа е потреба претворена во реалност. Монографијата што ја држите во рака не е само архива на факти, туку сведоштво за тоа како една организација започната со идеализам се претвори во значаен чинител во економските и политичките случувања во земјата.

Стопанската комора на Северо-Западна Македонија го изгради својот идентитет не само како глас на албанските претприемачи, туку и како институција која знаеше да понуди алтернатива, да гради партнерства и да нуди решенија. СКСЗМ беше повеќе од претставник на бизнисите; таа беше политичко-економска трибина, механизам на влијание, посредник на доверба и фактор на развој.

Во оваа монографија се документирани предизвиците, визиите, кампањите, реформите и интервенциите што не ја сочинуваат само историјата на една институција, туку и дел од економската историја на земјата. Она што ја прави СКСЗМ посебна не е само капацитетот да реагира на предизвиците, како што се покажа со решителноста во спротивставувањето на Законот за данок на солидарност, туку и способноста да предлага, да соработува и да гради нови мостови меѓу политиката, приватниот сектор и меѓународните актери.

СКСЗМ не беше само „дом“ за албанските бизниси, таа **беше школа на економската демократија**, каде одлучувањето се темелеше на меѓусебно слушање, доверба и ориентација кон иднината. Преку соработката со домашните и меѓународните институции, Комората ги подигна стандардите на застапување и отвори нови патишта за развој, професионализација на членството и интернационализација на бизнисите.

Овој 20-годишен јубилеј не е само годишнина, туку момент за размислување и мост кон иднина што бара повеќе: повеќе професионализам, повеќе регионална координација, повеќе подготвеност за европска интеграција. Иднината на СКСЗМ ќе се мери според влијанието што ќе го има врз развојот на економските политики, зајакнувањето на капацитетите на членството и создавањето поволна клима за инвестиции и квалитетно вработување.

Токму на тој пат, СКСЗМ ќе ја зачува својата најголема сила: способноста да остане верна на заедницата што ја основала и да напредува без да се оддалечи од тој идентитет. Зашто СКСЗМ не е само институција – таа е кауза за рамномерен развој, за достоинствено претставување и за економијата како механизам на еманципација и интеграција.

Оваа монографија е за сите оние што веруваат во оваа визија. И е покана за сите што сакаат да станат дел од неа.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

334.788(497.7)"2005/2025"(060.91)

20 години од патувањето и придонесот во економијата и општеството :
јубилејна монографија : 2005-2025 / [автори Менди Ќура ... и др.]. - Скопје:
Стопанска комора на Северо-Западна Македонија, 2026. - 200 стр.:
фотографии ; 30 см

Други автори: Нухи Алиу, Џемаил Даути, Назми Ејупи, Мендерес Кучи, Дурим Зеќири, Касам Зендели

ISBN 978-608-65479-8-1

1. Ќура, Менди [автор] 2. Алиу, Нухи [автор] 3. Даути, Џемаил [автор]
4. Ејупи, Назми [автор] 5. Кучи, Мендерес [автор] 6. Зеќири, Дурим [автор] 7. Зендели, Касам [автор]
а) Стопанска комора на Северо-Западна Македонија -- 2005-2025 -- Јубилеи

COBISS.MK-ID 68623109

9 786086 547981

OEMVP